РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1265

Скопје, 15. 7. 2022 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
***проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор***

**Уредник на Билтенот:**
***Илија Богоевски***

**Лектура:**
***Весна Илиевска-Цветановска***

*Moment Mal Translation and Course Centre*

**Техничко уредување:**
***Зоран Кордоски***

Бр. ____________
5.8.2013
Скопје

**Предмет**: ***Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

## СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1265 ОД 15 ЈУЛИ 2022 ГОДИНА


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден асистент на Катедрата за геодезија на Градежниуот факултет – Скопје (**д-р Филип Касаповски**)........................................6-11
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ана Шундовска, Антонио Јосифоски, Антонио Шиндев, Бедри Точи, Бобан Костов, Дамјан Ѓорѓиовски, Даниел Стојановски, Игор Атанасовски, Јована Трајковска, Љупчо Тодоровски, Марија Дојчиновска, Мите Марковски, Никола Илиевски, Петар Георгиев, Софија Макенаџиева**)....................................................12-14

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно- научни звања во наставно-научната област (дисциплина) меѓународна економија, по предметите: Мултилатерален трговски систем и Меѓународни трговски трансакции, на Економскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Катерина Тошевска-Трпчевска)**.................................................................................15-35
2. Реферат за избор на соработник – асистент во научната област сметководство на Економскиот факултет – Скопје (**м-р Иван Дионисијев**).................................................................................36-41
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Сара Стојановска, Билјана Јовановска, Дарко Блажевски, Адриана Петровска, Ивана Пауновска, Ајше Исљам, Борис Постолов, Магдалена Блажеска, Стефан Рафајловски, Ивана Ристеска**)...42-43

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Горанче Илијевски, Давор Гечевски, Андреј Кузмановски**)..........................44
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Калтрине Јакупи, Александар Ѓерасимовски**)................................45

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област ортопедски болести на Медицинскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Даниела Георгиева**)..................................46-61
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: хирургија и урологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**доц. д-р Сашо Дохчев**).........................................................62-72
3. Реферат за избор на 2 асистента по предметот Офталмологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Ана Трпеска, д-р Газменд Мехмети, д-р Ивана Петковска, д-р Андријана Петрушевска**)...73-82
4. Реферат за избор на 2 асистента по предметот Дерматовенерологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Дејан Филиповиќ, д-р Елена Мирческа Арсовска, д-р Виктор Симеоновски, д-р Анита Најдова**)...............................................................................................83-92

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) финансово право и финансии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (**д-р Елена Добре Нешовска Ќосева**)...........................................................................................93-113
2. Рецензија на ракописот **Синдикално право** од авторот **проф. д-р Лазар Јовевски**...............................................................................114-120
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Невенка Гулевска, Мартин Мишевски, Тамара Ристовска, Никола**

**Трајковски, Анастасија Петровска, Бисера Стојкова Ангелова, Сара Алексиќ, Мартина Коцева**)....................................................121-122
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Лепосава Огњаноска, м-р Катерина Бучковска**)...............................123

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација со наслов **Евалуација на ризик-фактори за преканцерозни состојби кај протетички пациенти со дијабетес** од **д-р Влора Л. Бериша**, пријавена на Стоматолошкиот факултет – Скопје.....................................................124-129
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**д-р Рената Стефанова, д-р Михаела Петровска, д-р Моника Даштевска**)..........................................................................................130
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**д-р Анета Терзиевска, д-р Ставре Трајчулески, д-р Ана Гиговска**).....131

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација со наслов **Дизајн и оптимизација на мембрански реактор за третман на урбани отпадни води** од **кандидатот м-р Ерхан Мустафа**, пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје....................................132-139

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Поетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин** од **м-р Кристина Леловац**, пријавена на Факултетот за драмски уметности – Скопје..........................................................................................140-149

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Филип Глигоров, Рецеп Мустафовски, Наум Трајановски, Стефан Бошковски, Елена Попоска, Теодор Цоневски**).........................150-151
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Ѓорѓи Илиевски**).........................................................................152

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ева Алаѓозовска, Бојан Масевски**)..............................................................153
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Лука Поповски, м-р Марија Карадаковска)**................................................154

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Бојан Андоновски**)..........................................................................................155
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Теа Јосимовска, Васко Василевски, Теодора Новеска, Илија Мукаетов, Семран Емин**)..........................................................................156-157

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Емилија Ончевска**)..........................................................................................158

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ НА КАТЕДРАТА ЗА ГЕОДЕЗИЈА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 15.6.2022 година, за повторен избор на еден асистент на Катедрата за геодезија, од наставно-научните области (согласно со Фраскатиевата класификација): фотограметрија – 20601, виша геодезија – 20605, картографија – 20606 и друго – 20609, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, број 02/2-92-104, донесена на 1.7.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Лазо Димов, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје, д-р Златко Србиноски, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје и д-р Златко Богдановски, вонреден професор на Градежниот факултет во Скопје.

По прегледувањето на доставената документација, Рецензентската комисија утврди дека на распишаниот конкурс се пријавил д-р Филип Касаповски, дипл. геод. инж. Врз основа на доставената документација и личното познавање на кандидатот, до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Биографски податоци

Кандидатот Филип Касаповски е роден на 12.8.1991 година во Битола. Средно стручно образование има завршено во СОТУ „Ѓорѓи Наумов” во Битола, каде што се стекнал со стручен назив – електротехничар за компјутерска техника и автоматика.

Во учебната 2010/2011 година се запишал на додипломските студии на студиската програма Геодезија на Градежниот факултет во Скопје. Студиите ги завршил на 24.9.2013 година со просечна оценка 8,84. За дипломската работа под назив: *Андроид апликација како ГНСС-контролер*, од Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи на Република Македонија добил награда за најдобро изработена и одбранета дипломска работа во учебната 2013/2014 година.

Во учебната 2013/2014 година, кандидатот се запишал на студиската програма од втор циклус студии – Геодезија на Градежниот факултет во Скопје. Студиите од втор циклус ги завршил на 29.9.2015 година со просечна оценка 9,62, и со одбрана на магистерскиот труд под назив: *Креирање на виртуелен 3Д-модел на постоечки објекти*, се стекнал со научен степен – магистер по технички науки од областа на геодезијата.

Во учебната 2017/2018 година, кандидатот се запишал на докторски студии на студиската програма Геодезија на Универзитетот за архитектура, строителство и геодезија во Софија, Република Бугарија. Студиите од трет циклус ги завршил на 20.6.2022 година со одбрана на докторската дисертација на тема: *Современи геодинамички истражувања во сеизмички активен регион, базирани на геодетски мерења*, под менторство на проф. д-р Славејко Господинов и проф. д-р Златко Србиноски, со што се стекнал со научен степен – доктор по докторска програма Општа, виша и применета геодезија, катастарски и геоинформациски системи.

Паралелно со студирањето на втор циклус, во текот на 2012 и 2013 година, ангажиран е како стручен соработник за теренски и канцелариски работи

во изработка на ажурирани геодетски подлоги за поддршка на процесот за изработка на детални урбанистички планови, во приватната геодетска фирма „Гео Нова 2006“ од Битола.
Во периодот од март до јули 2014 година работел на Проектот за идентификација и регистрација на подземна инфраструктура на Македонски телеком во приватната геодетска фирма „Гео Апроузл“ од Скопје.
Од октомври 2014 до мај 2015 година работел во фирмата „Геопроект инженеринг“ од Скопје. на теренски и канцелариски работи за изработка на геодетски елаборати, теренски мерења при градба на регионални патишта и автопатишта, како и геодетски мерења за следење на ископувањето на руда во рудникот Бучим – Радовиш.
Од март до септември 2017 година работел во фирмата „Геоинтер“ од Скопје како стручен соработник на Проектот за изработка на ажурирани геодетски подлоги за проектирање на пет мали хидроцентрали во обласа на Мариово. За одбележување е што аквизицијата на просторните податоци е извршена со примена на современи фотограметриски методи. Имено, за теренското снимање е користен дрон, додека процесирањето на снимките е извршено со моќни софтверски продукти.
Во 2013 година бил избран во звањето асистент докторанд на Катедрата за геодезија на Градежниот факултет во Скопје.
Кандидатот поседува меѓународен сертификат за познавање на англиски јазик *TOEFL* со освоени 104 бода.

## 2. Наставно-педагошка, научна и стручна дејност

### 2.1. Наставно-педагошка дејност

Кандидатот д-р Филип Касаповски, дипл. геод. инж., од учебната 2015/2016 година е ангажиран како надворешен соработник на Катедрата за геодезија и Катедрата за виша геодезија во организација и одржување на вежбите по предметите: Инженерска геодезија, Геодетска пракса 2, Елипсоидна геодезија, Математичка картографија и Геодезија на студиската програма по градежништво и студиската програма по геотехника.

По изборот во звањето асистент докторанд ги држи вежбите и по предметите: Теорија на грешки, Геодетски израмнувања и Виша геодезија.

На вториот циклус студии по геодезија ги држи вежбите по предметите: Дигитална фотограметрија и Физичка геодезија.
Посебно внимание привлекува високото мислење на студентите искажано преку анонимните студентски анкети кои се спроведуваат на крајот од семестрите по секоја предметна програма.

### 2.2. Научноистражувачка работа

Посебени области на научен интерес на м-р Филип Касаповски се: геодинамика, физичка геодезија, математичка картографија, дигитална фотограметрија и виша геодезија.
Во изминатиот период, кандидатот д-р Филип Касаповски како автор или коавтор учествувал во изработка на тринаесет научни статии, и тоа:

1. Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Tunzev B., Dimeski S., **Kasapovski F.** (2017): New Basic Leveling network of the Republic of Macedonia, International Jubilee Scientific Conference “75th Anniversary of UACEG”, Sofia, Bulgaria.
2. Lazo Dimov, Jovan Jovanov, **Filip Kasapovski** (2017) „Special purpose 2-D geodetic network for structure Kula Vodno”, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 6, issue 2, ISSN: 1857-839X.

3. Z. Srbinoski, Z. Bogdanovski, B. Tundzev, S. Dimeski, **F. Kasapovski** (2018) „Geodetic projects as part of main project for new basic leveling network”, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 6, issue 2, ISSN: 1857-839X.
4. **Filip Kasapovski**, Zlatko Srbinoski, Lazo Dimov, Zlatko Bogdanovski, Tome Gegovski (2018) „Vertical crustal movements in seismic active regions”, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 7, issue 2, ISSN: 1857-839X.
5. Zlatko Srbinoski, Zlatko Bogdanovski, **Filip Kasapovski**, Tome Gegovski (2018) „Stereographic projection for territory of the Republic of Macedonia”, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 7, issue 2, ISSN: 1857-839X.
6. Zlatko Bogdanovski, Zlatko Srbinoski, **Filip Kasapovski**, Tome Gegovski (2018) „Precise geodetic measurements on structures of black metallurgy”, Micro, Macro & Mezzo Geo Information, ISSN: 1857-9000; EISSN: 1857-9019; UDC: 528:004.
7. Геговски Т., **Касаповски Ф.**, Бошковски М., Бојчовски Б., Здравкоски М., (2018), „Примена на GNSS-технологијата за определување на деформации кај брани”, конференција за студентите од градежништво, архитектура и геодезија “We build the future “ - Златибор.
8. Томе Геговски, Златко Богдановски, Златко Србиноски, **Филип Касаповски** (2019) „Геодетска оскултација на хидројаловишната брана „Тополница””, 12. Советување за водостопанство и хидротехника организирано од Здружението „Македонски комитет за големи брани“ (ЗМКГБ), ISBN 978-608-65373-8-8, Скопје.
9. Богдановски З., Србиноски З., **Касаповски Ф.**, Геговски Т. (2019): Геодетски деформациски мерења на „Србиновачки мост”, 18. Меѓународен симпозиум на ДГКМ, Охрид.
10. **Filip Kasapovski** (2019) „Data processing from precise leveling in seismic active regions”, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 8, issue 1, ISSN: 1857-839X.
11. Srbinoski Z., Bogdanovski Z., **Kasapovski F.**, Gegovski T., (2019), “Tissot compensation projection for the territory of the Republic of North Macedonia”, Scientific Journal of Civil Engineering (SJCE), volume 8, iss 1.
12. Богдановски З., Србиноски З., **Касаповски Ф.**, Геговски Т., Петровски Ф. (2021): „Геодетски мерења за определување на невертикалност на столбови од Скопскиот аквадукт”, прифатен од рецензентскиот одбор на 19. Меѓународен симпозиум на ДГКМ.
13. Богдановски З., Србиноски З., **Касаповски Ф.**, Геговски Т., Петровски Ф. (2021): „Геодетска оскултација на браната „Ратевска Река”, прифатен труд од рецензентскиот одбор на 5. Конгрес за високи брани организиран од Здружението „Македонски комитет за големи брани“ (ЗМКГБ).

### 2.3. Стручно-апликативна дејност

Кандидатот во својата кратка професионална дејност, како вработен или ангажиран стручен соработник во повеќе приватни геодетски фирми, самостојно или во соработка со стручни лица, учествувал во изработка на повеќе проекти, од кои ќе ги издвоиме позначајните:

1. Проект за идентификација и регистрација на подземна инфраструктура на Македонски телеком, аквизиција на геопросторни податоци и изработка на геодетски елаборати за дел од Југозападна Македонија, јули – октомври 2013 год., приватна геодетска фирма Гео Нова 2006 – Битола.
2. Геодетски мерења и пресметување на кубатури на земјени маси во рудникот Бучим Радовиш, октомври 2014 год., приватна геодетска фирма Геопроект инженеринг – Скопје.

3. Изработка на 3д фотореалистичен модел на стадионот Младост - Струмица, проект за реконструкција на трибините, аквизицијата на геопросторни податоци со фотограметриска метода на снимање со помош на дрон, јуни 2017 год.

4. Проект за изработка на ажурирана геодетска подлога за проектирање на 5 мали хидроцентрали во обласа Мариово, аквизиција на геопросторни податоци со фотограметриска метода на снимање со помош на дрон, март – септември 2017 год., приватна геодетска фирма Геоинтер – Скопје.

5. Документирање и истражување на архитектурата на манастирот „Св. Јован Претеча“ – Слепче, Демирхисарска летна школа, јули 2017 год.

6. Геодетска оскултација на брана „Лисиче” – декември 2017 год.

7. Геодетска оскултација на објектите на ТЕЦ „Осломеј”,- Кичево” – октомври 2018 год.

8. Геодетска оскултација на брана “Матка” – (октомври 2018 г., октомври 2019 год., ноември 2020 г.)

9. Геодетска оскултација на брана за хидројаловиштето „Тополница” на рудникот за бакар „Бучим” – ноември 2018 год.

10. Геодетска оскултација на брана „Подлес”, Градско – февруари 2018 г.

11. Геодетска оскултација на брана „Гратче”, Кочани – март 2018 г.

12. Геодетска оскултација на брана „Мавровица”, Свети Николе – март 2018 г.

13. Геодетска оскултација на брана „Ратево”, Берово – март 2018 год.

14. Геодетска оскултација на брана „Маркова Река”, Струмица –март 2018 год.

15. Геодетска оскултација на брана „Новоселка”, Струмица – март 2018 г.

16. Геодетска оскултација на брана „Иловица”, Струмица – март 2018 г.

17. Геодетска оскултација на брана „Чаушица”, Струмица – март 2018 г.

18. Геодетска оскултација на брана „Калиманци”, Кочани – април 2018 г.

19. Геодетска оскултација на брана „Мантово”, Радовиш – април 2018 г.

20. Геодетска оскултација на брана „Прилеп”, Прилеп – април 2018 г.

21. Геодетска оскултација на брана „Паљурци”, Богданци – мај 2018 г.

22. Проект за геодетска основа микротригонометриска и нивелманска мрежа за објект Вијадукт на км 7+576 на експресен пат Крива Паланка-

Ранковце - ноември 2019 год.

23. Проект за геодетски мерења за изведба на градежни работи зараади тековно одржување на платотадот и сервисната улица во кампусот на УКИМ во Скопје – ноември 2019 год.

24. Геодетска оскултација на прочистителната станица во Струмица – мај 2020 год.

25. Проект за изработка на ажурирана геодетска подлога за проектирање на 2 мали хидроцентрали во Македонски Брод, аквизиција на геопросторни податоци со фотограметриска метода на снимање со помош на дрон, ноември 2020 год., приватна геодетска фирма Цивил Гео Инженеринг – Битола.

26. Учество во проектот за премер на пасивната ГНСС мрежа МАКРЕФ – ноември 2020 год.

27. Геодетска оскултација на „ТЕЦ Осломеј” – Кичево, април 2021 год.
28. Учество во проектот за воспоставување на геодетска основа за потребите на автопатската делница Скопје – с. Блаце – јули 2021 год.
29. Проект за изработка на ажурирана геодетска подлога за проектирање на фотонапонски електрани во областа Долени, аквизиција на геопросторни податоци со фотограметриска метода на снимање со помош на дрон, јули 2021 год., приватна геодетска фирма „Геоинтер“ – Скопје.
30. Документирање за конзервација и реставрација на Манстир „Свети Пантелејмон“ – Скопје со примена на фотограметриска метода за снимање на екстериерот и терестичко скенирање на ентериерот со Lidar метода, јули 2021 год.

## 3. Заклучок

Врз основа на доставената документација, како и личното познавање на кандидатот, Комисијата е на мислење дека станува збор за одговорна и квалитетна личност. Кандидатот за време на своето образование покажува висок степен на посветеност кон обврските, со што ужива голема почит од своите колеги студенти и од наставниот персонал. Како резултат на покажаниот успех во студирањето, добитник е на наградата за најдобро изработена дипломска работа за 2013/2014 година.

Истовремено, кандидатот повеќе години е вклучен во наставно-образовниот процес, прво како надворешен соработник – демонстратор, потоа како асистент докторанд, во подготовка и реализација на вежби на повеќе предметни програми на студиската програма Геодезија. Во својот ангажман, кандидатот покажува висок степен на професионалност и одговорност, што укажува на фактот дека се работи за квалитетен млад кадар пред кого се отвора светла перспектива на полето на едукацијата и науката.

Врз основа на сето напред изнесено, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје да му предложи д-р Филип Касаповски, дипл. геод. инж., да биде избран за асистент на Катедрата за геодезија при Градежниот факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Лазо Димов, Градежен факултет – Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет – Скопје, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Златко Богдановски, Градежен факултет – Скопје, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**
Филип Благој Касаповски
**Институција:**
Градежен факултет Скопје
**Научна област:** Фотограметрија – 20601, Виша геодезија – 20605, Картографија – 20606 и Друго – 20609

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: геодезија. | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8.84<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9.62 | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Toefl IBT score<br>3. Издавач на документот: Educational Testing Service<br>4. Датум на издавање на документот 14.10.2017 | да |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје, УКИМ - 516**. СЕДНИЦА НА ННС ОД 29.6.2022

| Р. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Ана Шундовска, дипл. град. инж. | *Примена на модели за машинско учење кај системи за мониторинг на конструкции* | Application of machine learning models in structural health monitoring systems | доц. д-р Симона Богоевска, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-129 |
| 2 | Антонио Јосифоски, дипл. град.инж. | *Анализа на методите и принципите за заштита и поправка на бетонски мостови според EN 1504* | Analysis of methods and principles for protection and repair of concrete bridges according to *EN 1504* | проф. д-р Тони Аранѓеловски, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-140 |
| 3 | Антонио Шиндев, дипл. геод. инж. | *Анализа на геодетско позиционирање со системот Stonex S10* | Analysis of geodetic positioning with system Stonex S10 | проф. д-р Златко Богдановски, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-141 |
| 4 | Бедри Точи, дипл. град. инж. | *Анализа на хидраулички каратеристики кај водоснабдителен систем без резервоарски простор* | Analysis of hydraulic characteristics in a water supply system without tanks | проф. д-р Гоце Тасески, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-134 |
| 5 | Бобан Костов, дипл. геод. инж. | *Администрирање со градежно земјиште во државна сопственост "* | Approaches in administration with construstion land in state ownership | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-139 |
| 6 | Дамјан Ѓорѓиовски, дипл. град. инж. | *Избор на траса на железничка линија со примена на мултикритериумски анализи* | Selection of railway route with the application of multicriteria analysis | проф. д-р Златко Зафировски, | 04.7.2022 0202/92-136 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Градежен факултет | |
| 7 | Даниел Стојановски дипл. геод. инж | *Утврдување правен статус на бесправно изградени инфраструктурни објекти со посебен осврт на линиските инфраструктури КИФ1 од националната класификација* | Determining the legal status of illegally constructed infrastructure facilities with special reference to the line infrastructures kIF1 from the national classification | проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-137 |
| 8 | Игор Атанасовски, дипл. град. инж | *Методологија за анализа на косини во фаза на изведба со мерки за санација* | Slope analysis methodology in the construction stage with repair measures | проф. д-р Златко Зафировски, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-135 |
| 9 | Јована Трајковска, дипл. град. инж. | *Димензионирање на армиранобетонски носиви ѕидови според Еврокодови* | REINFORCED CONCRETE SHEAR WALL DESIGN ACCORDING TO EUROCODES | проф. д-р Тони Аранѓеловски, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-143 |
| 10 | Љупчо Тодоровски дипл. геод. инж. | *Дигитално моделирање на изведени земјени форми кај линиската инфраструктура* | Digital modeling of constructed earth forms in line infrastructure | проф. д-р Лазо Димов, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-142 |
| 11 | Марија Дојчиновска, дипл. град. инж | *Редистрибуција на влијанија од сеизмичко дејство кај двојни армиранобетонски системи* | Redistribution of seismic action effects in dual reinforced concrete systems | проф. д-р Коце Тодоров, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-130 |
| 12 | Мите Марковски, дипл. град. инж | *Примена на летечка пепел за стабилизација на долен строј* | Application of flying ash for stabilization of subbase | проф. д-р Златко Зафировски, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-133 |
| 13 | Никола Илиевски, | *Оперативна анализа на динамички* | Operational modal analysis of in-service wind turbines | доц. д-р Симона Богоевска, | 04.7.2022 0202/92-132 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | дипл. град. инж | *карактеристики на ветерници* | | Градежен факултет | |
| 14 | Петар Георгиев, дипл. град. инж. | *Симулационен модел за анализа на едно-акумулационен хидросистем* | Simulation model for analysis of single reservoir water resources system | проф. д-р Стевчо Митовски, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-138 |
| 15 | Софија Макенаџи-ева, дипл. град. инж | *Нелинеарна евалуација на критериумот за ограничување на штети според Еврокод 8* | Nonlinear evaluation of damage limitation criterion according to Eurocode 8 | проф. д-р Коце Тодоров, Градежен факултет | 04.7.2022 0202/92-131 |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: МУЛТИЛАТЕРАЛЕН ТРГОВСКИ СИСТЕМ И МЕЃУНАРОДНИ ТРГОВСКИ ТРАНСАКЦИИ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Економски факултет - Скопје, објавен во весниците ,,Слободен печат” и ,,Коха” од 01.06.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) меѓународна економија, по предметите: Мултилатерален трговски систем и Меѓународни трговски трансакции, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-1091/3 од 17.06.2022 година, донесена на седницата одржана на 17.06.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ирена Кикеркова, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Љубица Костовска, редовен професор во пензија на Економскиот факултет во Скопје и д-р Билјана Секуловска-Габер, редовен професор во пензија на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) меѓународна економија, по предметите: Мултилатерален трговски систем и Меѓународни трговски трансакции, во предвидениот рок се пријави вонреден професор д-р Катерина Тошевска-Трпчевска.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката вонреден професор д-р Катерина Тошевска-Трпчевска е родена на 15.02.1979 година во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во 1997 година. Со високо образование се стекнала на УКИМ, Економски факултет во Скопје во 2001 година на департманот по надворешна трговија. Дипломирала на 11.07.2001 година, со просечен успех 9,06.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, а може да разбира и француски јазик.

Во учебната 2001/2002 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии по надворешен промет на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ. Студиите ги завршила во 2006 година, со просечен успех 9,44. На 29.09.2006 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Либерализација на меѓународната трговска размена помеѓу Европската унија и СТО.*

Докторска дисертација пријавила во декември 2007 година на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ. Дисертацијата на тема: *Олеснување на трговијата во современиот мултилатерален трговски систем* ја одбранила на 09.11.2012 година, пред комисија во состав: проф. д-р Ирена Кикеркова, академик Гоце Петрески , проф. д-р Љубица Костовска, академик Таки Фити и проф. д-р Билјана Секуловска-Габер. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област економски науки.

Д-р Катерина Тошевска-Трпчевска е вработена на Економскиот факултет во Скопје од 01.12.2003 година.

На 17.12.2017 година е избрана во звањето вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ во областа меѓународна економија, по предметите Мултилатерален трговски систем и Меѓународни трговски трансакции.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1158 од 01.12.2017 година.

Рецензентската комисија ги имаше во предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1158 од 01.12.2017 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ/Економски факултет - Скопје, кандидатката вонреден професор д-р Катерина Тошевска-Трпчевска, изведува настава на прв циклус студии по предметите: Мултилатерален трговски систем, Меѓународни трговски трансакции и Мултилатерална трговска регулатива и на предметот Регионални трговски договори и СТО на вториот циклус на студии на студиската програма Европски студии.

Во изведувањето на наставата, кандидатката манифестира напредни педагошки вештини и применува современи методички и наставни практики. Успешно и квалитетно ги организира и реализира предавањата преку континуирана и отворена интеракција со студентите.

Во функција на наставата, кандидатката е ангажирана со консултации со студенти од прв, втор и трет циклус студии, менторира изработки и презентации на проектни задачи, дипломски, магистерски и докторски трудови. Кандидатката, исто така, учествува во изготвување на испитни прашања, организирање и спроведување на испити и колоквиуми по своите предмети.

Кандидатката била ментор на 46 дипломски трудови. Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 21 дипломски трудови, 2 магистерски трудови и на 1 докторска дисертација.

Кандидатката е автор на рецензиран универзитетски учебник под наслов *Мултилатерален трговски систем* во издание на Економскиот факултет - Скопје од 2022 година. Подготвила и пакет материјали за предметите Меѓународни трговски трансакции, Мултилатерална трговска регулатива и Регионални трговски договори и СТО.

Конкретните активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност**

Д-р Катерина Тошевска-Трпчевска од последниот избор до денот на пријавата објавила вкупно 19 научни трудови. Од трудовите посебно значење имаат 2 труда што претставуваат поглавја од научни монографии објавени во странство и 3 трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор со импакт фактор. Од останатите објавени трудови 6 труда се со оригинални научни резултати објавени во научни/стручни списанија со

меѓународен уредувачки одбор без импакт фактор, 1 труд е со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, 1 труд е со оригинални научни резултати објавен во научно списание во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, 4 труда се со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборници на трудови од научни/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор и 2 труда се објавени во зборник на трудови на високообразовна институција. Кандидатката објавила и 6 апстракти во зборници на меѓународни конференции.

Во изборниот период, вонреден професор д-р Катерина Тошевска-Трпчевска одржала 1 пленарно предавање на научен/стручен собир и 11 пленарни предавања на научни/стручни собири со меѓународно учество. Кандидатката одржала и 5 предавања на три странски универзитети во Германија, Португалија и Полска.

Во изборниот период, вонреден професор д-р Катерина Тошевска-Трпчевска била учесник во 1 меѓународен научен проект со Еуростат и рецензирала 14 научни/стручни трудови.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот (називите на трудовите, проектите и слично), се наведени во табелата во Образец 2, дадена во прилог на овој Извештај.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатката д-р Катерина Тошевска-Трпчевска реализирала исклучително богата стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес во анализираниот период.

Била координатор на подготовка на елаборат за нова студиска програма на 1 циклус студии по Меѓународна трговија и координатор на елаборат за нова студиска програма на 2 циклус студии по Европски економски студии. Кандидатката била консултант во развојот на нови наставни содржини за средно образование, национален експерт за евалуација на ЦЕЕПУС програмите и експерт за евалуација на проекти на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

Во целокупниот анализиран период д-р Катерина Тошевска-Трпчевска била активно вклучена во промотивните активности на факултетот на 1 и 2 циклус на студии. Исто така, успешно завршила специјализација на Онлајн интензивната програма (Online Intensive Programme) во организација на Riga Graduate School of Law.

Кандидатката е член на уредувачкиот одбор на 2 меѓународни научни/стручни списанија и член на научниот одбор на 2 меѓународни научни конференции. Од посебно значење е да се напомене дека кандидатката, д-р Катерина Тошевска-Трпчевска, била координатор на 44 Регионален курс за главните аспекти на меѓународната економска агенда за земјите во транзиција што во соработка со УНКТАД се одржал на Економскиот факултет – Скопје во 2021 година.

Во анализираниот изборен период кандидатката реализирала 2 студиски престои во странство и учествувала во изготвување и пријавување на 2 меѓународни научни проекти. Во 2019 година, вонреден професор д-р Катерина Тошевска-Трпчевска добила 2 стипендии за размена на наставен кадар, едната од програмата Еразмус +, а другата од Германската асоцијација за академска размена – ДААД и во нивни рамки остварила студиски престои на Универзитетот Политехник во Порто, Школата за сметководство и бизнис (Porto Accounting and Business School – ISCAP) и на Универзитетот за применети науки во Хамбург, Германија.

Кандидатката д-р Катерина Тошевска-Трпчевска од 2019 година е раководител на катедрата по надворешна трговија. Таа е назначена за координатор за општествени науки при Советот на Центарот за кариера на УКИМ, а била активно вклучена во работата на повеќе од десетина факултетски комисии, од кои посебно внимание заслужува фактот

дека во 2 мандата е претседател на Комисијата за јавни набавки на факултетот. Била член во 5 комисии за избор во звање.

Во анализираниот период кандидатката д-р Катерина Тошевска-Трпчевска била раководител на студиската програма Европски студии на 2 циклус студии во 2 мандата и ЕКТС координатор на студиската програма по надворешна трговија на Економскиот факултет - Скопје.

Други активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес релевантни за изборот, се наведени во табелата во Образец 2, дадена во прилог на овој Извештај.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката вонреден професор д-р Катерина Тошевска-Трпчевска, во периодот од последниот избор во звањето вонреден професор, заклучно со учебната 2021/2022 година, во континуитет добива позитивна оценка повисока од 9,5 од анонимно спроведените анкети на студентите на Економскиот факултет во Скопје. Ова е уште една потврда за нејзиниот квалитет како наставник и педагог.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува плодната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес на вонреден професор д-р Катерина Тошевска-Трпчевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката (вкупно пресметани 254,962 поени, од кои во наставно-образовната дејност – 88,862 поена, во научноистражувачката дејност – 121,1 поена и во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес – 45 поена) од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека вонреден професор д-р Катерина Тошевска-Трпчевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област меѓународна економија, по предметите: Мултилатерален трговски систем и Меѓународни трговски трансакции.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, вонреден професор д-р Катерина Тошевска-Трпчевска да биде избрана во звањето редовен професор во научната област меѓународна економија, по предметите: Мултилатерален трговски систем и Меѓународни трговски трансакции.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ирена Кикеркова, с.р.**
**Проф. д-р Љубица Костовска, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Секуловска-Габер, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Катерина Трајче Тошевска-Трпчевска**
**Институција: Економски факултет-Скопје**
**Научна област: Меѓународна економија**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,06<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,44<br>Просечниот успех изнесува 9,25 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: меѓународна економија, поле економски науки, подрачје општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: *European Review, Vol. 27, Issue 4*<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: “The Impact of a Crisis on the Innovation Systems in Europe: Evidence from the CIS10 Innovation Survey”<br>4. Година на објава: 2019 година | ДА |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: *Zagreb International Review of Economics and Business,* Vol. 21, No.2<br>2. Назив на електронската база на списанија: ESCI, EBSCO, EconLit<br>3. Наслов на трудот: “Vector Error Correction Model on FDI and their Impact in the Republic of Macedonia”<br>4. Година на објава: 2018 година | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: *International Review of Entrepreneurship Vol.18 (2)*<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>3. Наслов на трудот: “A Comparative Perspective of National Innovation Systems in Europe”<br>4. Година на објава: 2020 година | ДА |
| 3.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: *OPTIMUM Economic Studies* No. 4(98)<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>3. Наслов на трудот: “Analysis of the Impact of Economic Factors upon the FDI Inflow in SEE and CEE Countries"<br>4. Година на објава: 2019 година | ДА |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: *Proceedings from the 1st International Scientific Conference Economic and Business Trends Shaping the Future* | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на меѓународниот собир: *1st International Scientific Conference Economic and Business Trends Shaping the Future*<br>3. Имиња на земјите: *Австрија, Аргентина, Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Велика Британија, Германија, Ирска, Канада, Полска, Португалија, САД, Северна Македонија, Словенија, Словачка, Србија, Турција, Франција, Хрватска, Црна Гора, Швајцарија*<br>4. Наслов на трудот: “COVID-19 challenges for the EU extra and intra-regional trade“<br>5. Година на објава: 2020 година | |
| 3.6 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: *DIEM: Dubrovnik International Economics Meeting*<br>2. Назив на меѓународниот собир: *5Th Dubrovnik International Economic Meeting*<br>3. Имиња на земјите: *Грција, Ирска, Италија, Северна Македонија, Малта, Мексико, Литванија, Полска, Португалија, САД, Хрватска, Швајцарија, Шпанија,*<br>4. Наслов на трудот: "Determinants of the Bilateral Trade Flows of North Macedonia – A Gravity Model Approach”<br>5. Година на објава: 2021 година | ДА |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира<br>1. Наслов на учебникот: Мултилатерален трговски систем<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2022 година | ДА |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 01.12.2017 година бр. 1158. | ДА |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.** | |
| 3.1 | S. Saidi, S. Stavridis, **S. Dohcev,** Oliver Stankov, Gordana Petrusevska<br>The importance of pathological stage and grade review of primary pT1 bladder cancers after second transurethral resection. October 2018, European Urology Supplements | 3 |
| 3.2 | Trifunovski A. Dimovski A. **Dohcev S**. Stavridis S. Stankov O. Saidi S. Gjorgjievska M, Popov Z.<br>DETECTION OF TMPRSS2-ERG FUSION TRANSCRIPT IN BIOPSY SPECIMEN OF PROSTATE CANCER PATIENTS: A SINGLE CENTRE EXPERIENCE<br>CONTRIBUTIONS. SEC OF MED. SCI. XLI 1, 2020 | 3 |
| 3.3 | Aleksandar Trifunovski, **Sasho Dohcev**, Oliver Stankov, Sotir Stavridis, Zhivko Popov<br>THE PREDICTIVE (PROGNOSTIC) VALUE OF TMPRSS2-ERG IN PROSTATE CANCER SPECIMEN<br>MEDICUS - ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 25 (3) · 2020, 354-360 | 3 |
| 3.4 | Gavrilovska-Brzanov A. Grabner C, Mojsova – Mijovska M, **Dohcev S**, Panovska Petrusheva A, Jovanovski-Srceva, M., Stavridis, Soti<br>Comparison of anesthesia management for kidney transplant-through case report<br>Physioacta vol. 13 N. 1 2019, 119-123 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.5 | **Saso Dohcev**, Sotir Stavridis, Aleksandar Trifunovski, Dimitar Trajkovski, Josif Janchulev, Skender Saidi, Aleksandra Gavrilovska-Brzanov, Aleksandra Petrusheva-Panovska, Maja Mojsova Mijovska, Oliver Bushljetikj, Kocho Dimitrovski, Irena Rambabova Bushljetik and Goce Spasovsk<br>**Covid infection as devastating post-transplant complication**<br>BANTAO Journal 01/20; 18(1): 43-47 | 3 |
| 3.6 | MomirH. Polenakovic, **Saso Dohcev**, Irena Rambabova Bushljetik, Dusko Gjorgjievski, Goce Spasovski<br>THE IMPORTANCE OF THE WORLD KIDNEY DAY<br>WORLD KIDNEY DAY – 11March 2021 – Living Well with Kidney Disease<br>**CONTRIBUTIONS. SEC OF MED. Sci., XLII 1, 2021** | 3 |
| 3.7 | Goce Spasovski , Irena Rambabova-Bushljetik , Lada Trajceska, **Saso Dohcev**, Oliver Stankov, Sotir Stavridis, Skender Saidi, Koco Dimitrovski, Zivko Popov<br>**Urinary proteomics in kidney transplantation**<br>**CONTRIBUTIONS. SEC OF MED. Sci., XLII 3, 2021** | 3 |
| 3.8 | Irena Rambabova-Bushljetik, Jochen Metzger, Justyna Siwy, **Saso Dohcev**, Oliver Bushljetikj, Venko Filipce, Lada Trajceska, Harald Mischak and Goce Spasovski<br>**Association of the chronic kidney disease urinary proteomic predictor CKD273 with clinical risk factors of graft failure in kidney allograft recipients**<br>Nephrol Dial Transplant (2021) 0: 1–8 | 3 |
| 3.9 | Iskra Delova, Aleksandra Gavrilovska-Brzanov, **Sasho Dohchev**, Aleksandar Trifunovski, Marija,Srceva Jovanovski, Ivana Panchevska, Antonio Georgiev and Ognen Ivanovski.<br>ACCIDENTAL EPIDURAL MIGRATION INTO SUBARACHNOIDAL SPACE<br>СЛУЧАЈНА МИГРАЦИЈА НА ЕПИДУРАЛЕН КАТЕТЕР ВО СУБАРАХНОИДАЛЕН<br>ПРОСТОР<br>MMP 3/21; 142-146. | 3 |
| 3.10 | Aleksandra Gavrilovska-Brzanov, **Sasho Dohchev**, Sotir Stavridis, Aleksandra Panovska,Petrusheva, Marija Srceva Jovanovski, Biljana Kuzmanovska, Toni Risteski, Ognen Ivanovski, Nikola Brzanov and Goce Spasovski.<br>**Analgesia in Kidney Transplant Recipients**<br>**Bantao Journal BJ 01/21; 14-20.** | 3 |
| 3.11 | Aleksandra Gavrilovska-Brzanov, **Sasho Dohchev**, Sotir Stavridis, Biljana Kuzmanovska, Marija Srceva Jovanovski, Skender Seidi, Josif Janchulev and Goce Spasovski.<br>**Challenges of Deceased Kidney Transplantation in a Patient with Iliac Vein thrombosis: case report**<br>**Bantao Journal BJ 01/21; 23-25.** | 3 |
| 3.12 | Dimitar Trajkovski, **Saso Dohcev**, Sotir Stavridis, O Stankov, Aleksandar Trifunovski, Skender Saidi, Jovan Janculev and Liljana Spasovska<br>Per Magna Cystic Renal Cell Carcinoma.<br>BANTAO Journal 2018 16(2) 105-107 | 3 |
| 3.13 | Dimitar Trajkovski, **Saso Dohcev**, Sotir Stavridis, O Stankov, Aleksandar Trifunovski, Skender Saidi, Jovan Janculev and Liljana Spasovska<br>Unusual imaging od per magna cystic renal cell carcinoma - A case report.<br>BANTAO Journal 2018 16(2) 79-81 | 3 |
| **4** | **Трудови со оригинални начни резултати, објавени во научно списание кое има импакт - фактори за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **база на списанија со трудови достапни на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.** | |
| 4.1 | SARS-CoV-2 vaccination modelling for safe surgery to save lives: data from an international prospective cohort study. Br J Surg 2021 Mar 24; znab101. COVIDSurg Collaborative, GlobalSurg Collaborative. Collaborators expand 4,8+5,88 | 10,68 |
| 4.2 | Timing of surgery following SARS-CoV-2 infection: an international prospective cohort study. Multicenter Study Anaesthesia. 2021 Jun; 76(6):748-758. COVIDSurg Collaborative; GlobalSurg Collaborative. Collaborators expand 4,8+6,955 | 11,755 |
| 4.3 | Effects of pre-operative isolation on postoperative pulmonary complications after elective surgery: an international prospective cohort study. Anaesthesia.2021 Aug 9. doi: 10.1111/anae.15560. Online ahead of print. COVIDSurg Collaborative; GlobalSurg Collaborative. Collaborators expand 4,8+6,955 | 11,755 |
| 4.4 | SARS-CoV-2 infection and venous thromboembolism after surgery: an international prospective cohort study. Anaesthesia.2021 Aug 9. doi: 10.1111/anae.15560. Online ahead of print. COVIDSurg Collaborative; GlobalSurg Collaborative. Collaborators expand 4,8+6,955 | 11,755 |
| **5.** | **Апстракти објавени во зборник од конференции -меѓународни** | |
| | **Dohcev S**. Stankov O. Saidi S. Stavridis S. Janculev J. Trifunovski A. Trajkovski D. Rusaj A. Josifov A. Mojsova M. Petruseva A. Stankov V. Spasovski G. Bubrezna transplantacija vo R. Makedonija – Predizvici pri bubrezna transplantacija –Nasi iskustva, Congress of Macedonian association of urology, and Founding Conference of the Balkan Association of urologists , 09-11.11,2018 Skopje, Macedonia. | **1** |
| | **Dohcev S**. Stankov O. Saidi S. Stavridis S. Janculev J. Trifunovski A. Trajkovski D. Rusaj A. Josifov A. Mojsova M. Petruseva A. Stankov V. Spasovski G. Kidney transplantation in Republic of Macedonia is cadaveric transplantation our future ? Macedonian Medical Journal, Balkan Congress of Urology 05-07. 04 2019, Ohrid, Macedonia | **1** |
| | Trifunovski A.,**Dohcev S**.,Stavridis S., Stankov O., Trajkovski D.,Saidi S.,Janculev J., JanevskaV. Kidney infiltration with malignantly transformed spinal osteochondroma. Macedonian Medical Journal, Balkan Congress of Urology 05-07. 04 2019, Ohrid, Macedonia. | **1** |
| | Dimitar Trajkovski, **Saso Dohcev**, Sotir Stavridis, O Stankov, Aleksandar Trifunovski, Skender Saidi, Jovan Janculev and Liljana Spasovska Per Magna Cystic Renal Cell Carcinoma. Macedonian Medical Journal, Balkan Congress of Urology 05-07. 04 2019, Ohrid, Macedonia. | **1** |
| **Вкупно:** | | **103.945** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. Бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Воведување нова клиничка метода од областа на медицинските науки и здравството** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | првпат во државата воведена процедурата за Лапароскопско оперативно лекување на карцином на простата | 2 |
| 1.2 | првпат во ЈЗУ Клиничка Болница Штип воведени процедури за радикални оперативни зафати на карциноми на уринарен тракт | 1 |
| 1.3 | првпат во ЈЗУ Општа Болница Струмица воведени процедури за радикални оперативни зафати на карциноми на уринарен тракт | 1 |
| 1.5 | првпат во ЈЗУ Општа Болница Велес воведени процедури за радикални оперативни зафати на карциноми на уринарен тракт | 1 |
| 1.7 | првпат во ЈЗУ Општа Болница Струга воведени процедури за радикални оперативни зафати на карциноми на уринарен тракт | 1 |
| 1.8 | првпат во ЈЗУ Општа Болница Прилеп воведени процедури за радикални оперативни зафати на карциноми на уринарен тракт | 1 |
| 2. | **Клиничка или научно-апликативна студија во обласга на медицинските науки и здравството** | |
| 2.1 | Проспективна, мултицентрична, епидемиолошка студија (КЕПСУ-МАНУЕЛ/МК) со хоризонт на следење од 12 месеци врз основа на клиничката или приватна пракса, која ги следи третманите на не-неврогените симптоми на долниот уринарен тракт од страна на уролозите во Северна Македонија. – учесник како истражувач - Спонзор на студијата КРКА –ФАРМА ДООЕЛ Скопје. | 1 |
| **3.** | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството** | |
| 3.1 | Завршена специјализација од специјалноста – урологија | 2 |
| **4.** | **Раководител на оддел и одделение** | |
| 4.1 | Раководител на оделот на трансплантација на бубрези на Клиниката за урологија | 1 |
| 4.2 | Раководител на Оделение Г - Уролошки оперативен блок | 1 |
| | **Вкупно** | **12** |

**Дејности од поширок интерес**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** | |
| 1.1 | BANTAO JOURNAL | 1 |
| **2.** | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| 2.1 | Комисија за трансплантација при министерството за здравство од 2018 година | 1 |
| **Вкупно** | | **2** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 378,94 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 103.945 |
| СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 12 |
| ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | 2 |
| Вкупно: | 496.885 |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Оливер Станков, с.р.**
**Проф. д-р Сотир Ставридис, с.р.**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Сашо Дохчев.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Сашо Дохчев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во наставно-научните области: хирургија и урологија.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, доц. д-р Сашо Дохчев, да биде избран во звањето вонреден професор во наставно-научните области: хирургија и урологија.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Оливер Станков, с.р.**
**Проф. д-р Сотир Ставридис, с.р.**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ДВА (2) АСИСТЕНТА ПО ПРЕДМЕТОТ ОФТАЛМОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 9.3.2022 година, за избор на 2 асистента по предметот Офталмологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1573/18, донесена на 5.4.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Весна Димовска Јорданова, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, проф. д-р Милена Голубовиќ, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Емилија Ѓошевска Даштевска, виш научен соработник на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на 2 асистента по предметот Офталмологија, во предвидениот рок се пријавија следниве кандидати:

### Д-р АНА ТРПЕСКА

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Ана Трпеска е родена на 28.9.1988 година, во Тетово. Основно и средно образование завршила во Гостивар со одличен успех, како ученик на генерацијата. Како средношколец била наградувана на државни натпревари по математика, хемија и биологија, и тоа за освоено 3-то место на државен натпревар за млади истражувачи од областа на биологијата во 2003 година и освоено 2-ро место на Државен натпревар за млади истражувачи од областа на биологијата во 2004 година.

На Медицинскипт факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се запишала во 2007 година, а студиите ги завршила во 2013 година со просечен успех 9,67.

Во 2012 година станала волонтер во Здружението за грижа и едукација на бремени жени, мајки и деца „ЛУЛКА”.

Во рамките на меѓународна студентска професионална размена (IFMSA - International federation of Medical Students’ Associations), во 2012 година престојувала во Шпанија, на Одделот за пластична хирургија во Hospital de la Santa Creu i Sant Pau, Барселона, во времетраење од еден месец.

По завршениот лекарски стаж и положувањето на државниот испит, во 2014 година, волонтирала на Клиниката за пулмологија и алергологија во Скопје, каде што била вклучена во секојдневната пракса.

Д-р Ана Трпеска специјализацијата по офталмологија ја започнала на 1.9.2015 година, а ја завршила на 12.3.2021 година.

На Клиниката за очни болести во Скопје се вработила на 26.12.2018 година, каде што работи и сега.

Во учебната 2020/2021 година се запишала на трет циклус (докторски) студии на Медицинскиот факултет, Школа за докторски студии при УКИМ.
Учествувала на конгреси и стручни состаноци во и надвор од Македонија, како автор и коавтор на повеќе стручни трудови.

Член е на: Здружението на офталмолози на Република Македонија, Македонското лекарско друштво и Лекарската комора на Р Македонија.

Одлично го познава англискиот јазик. Има солидно познавање на германскиот јазик и шпанскиот јазик и поседува исклучителни компјутерски вештини.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Ана Трпеска има објавено вкупно 11 научни трудови, 6 труда во меѓународни научни списанија и 5 труда во зборници од научни собири.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Ана Трпеска активно е вклучена во стручно-применувачката работа на ЈЗУ УК за очни болести – Скопје. Врши стручна специјалистичка дејност.

Д-р Ана Трпеска остварила стручно усовршување со студиски престој во Љубљана, Словенија, на Универзитетската клиника за очни болести.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи како:

- член на Комисија за спроведување на акредитација на ЈЗУ УК за очни болести – Скопје;
- член на Работна група за спроведување на протокол за услови во Covid 19 на ЈЗУ УК за очни болести – Скопје.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Ана Љубомир Трпеска
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** офталмологија

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 9,67. | да |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: BULATS – ниво B2<br>3. Издавач на документот: BRITISH COUNCIL-MACEDONIA/part of the University of Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: 5.9.2016 година | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Весна Димовска Јорданова, с.р.**
**Проф. д-р Милена Голубовиќ, с.р.**
**В. н. сор. д-р Емилија Ѓошевска Даштевска, с.р.**

## Д-р ГАЗМЕНД МЕХМЕТИ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Газменд Мехмети е роден на 9.8.1978, во Скопје. Средно образование завршил во ОУ „Мирко Милевски“ во Кичево, во 1995/1996 со одличен успех. Високо образование завршил на Медицинскиот факултет при УКИМ, во 1996 година. Дипломирал на 21.5.2004 година, со просечен успех 8,00 (осум).

Активно го владее англискиот јазик, што го потврдува со соодветен сертификат за положен испит бр. AL016/GM01288EDJZ533WM, издаден од Cambridge English (Уерение за познавање на англиски јазик на ниво Б2 според ESOL Examinations, BULATS).

Во периодот 2004 – 2014 бил вработен во Брза помош при ЈЗУ Здравствен дом – Кичево. Во 2014 почнал со работа во УК за очни болести – Скопје, каде што и денес се наоѓа. Во 2015 започнал со специјализација по офталмологија.

Во учебната 2020/2021 се запишал на трет циклус (докторски) студии на УКИМ, област: медицински науки и здравство.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Газменд Мехмети има објавено вкупно 38 научни трудови од областа на медицината – специјалност: офталмологија, од кои 7 авторски и 31 коавторски труд. 3 труда се објавени во интернационални списанија со global impact factor (ISSN 2545-4439 Vol.20.4 и Vol.22.5), 31 труд во локални и меѓународни конгреси и 4 труда во научни списанија и зборници.

**<u>Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Во периодот 2007 – 2009 бил член на Управен одбор при ЈЗУ Здравствен дом – Кичево.

Во периодот 2009 – 2015 бил претседател на Управниот одбор при ЈЗУ Здравствен дом – Кичево.

Од 2005 до 2015 бил предавач и член на испитна комисија за полагање на прва помош при македонскиот Црвен крст – Кичево.

Во периодот 2010 – 2015, при Фудбалската федерација на РС Македонија, бил лиценциран клупски доктор – ФК „Напредок“ и ФК „Влазними“ – Кичево.

Во периодот 2009 – 2014 бил раководител во Брза помош при ЈЗУ Здравствен дом – Кичево.

Во периодот 2016 – 2017 бил член на Управен одбор во УК за очни болести – Скопје.

За време на КОВИД-кризата бил координатор на Ковид-центарот во Одделението за очни болести.

Член е на Здружението на офталмолози на РС Македонија.

Стручно усовршување во странство остварил на УОС, каде што успешно го има завршено курсот: ОСНОВИ НА УЛТРАЗВУЧНА ДИЈАГНОЗА ВО ОФТАЛМОЛОГИЈАТА Палич, 2014, Р Србија.

Едномесечен едукативен престој остварил во Универзитетскиот клинички центар во Љубљана, Р Словенија, 2015.

Во УК за очни болести – Скопје, кандидатот во моментот е вклучен во едукативен програм од областа на витреоретиналната хирургија – под странско менторство од проф. д-р Иван Стефанович.

**ОБРАЗЕЦ 1**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Газменд Раим Мехмети
**Институција:** УКИМ, Медицински факултет – Скопје
**Научна област:** офталмологија

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br><br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,00 (осум) | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: уверение за познавање на англиски јазик Б2-ниво (ESOL Examinations, BULATS)<br>3. Издавач на документот: Cambridge English<br>4. Датум на издавање на документот: 30.1.2016 | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Весна Димовска Јорданова, с.р.**
**Проф. д-р Милена Голубовиќ, с.р.**
**В. н. сор. д-р Емилија Ѓошевска Даштевска, с.р.**

**Д-р ИВАНА ПЕТКОВСКА**

**1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Ивана Петковска е родена на 17.6.1987, во Охрид. Средно образование завршила во Гимназија „Св. Климент Охридски” во Охрид, во 2005 година. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при УКИМ, во Скопје. Дипломирала во 2011 година, со просечен успех 9,05. Се стекнала со звање – специјалист по офталмологија во 2017 година на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, РС Македонија.

Активно го владее англискиот јазик, со сертифицирано Ц1 (CEFR) ниво со уверение добиено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје, РС Македонија.

Во учебната 2020/2021 година се запишала на трет циклус (докторски) студии на УКИМ, област: медицински науки и здравство.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Ивана Петковска има објавено вкупно 9 авторски научни трудови од областа на медицината – специјалност: офталмологија, од кои 6 труда како учесник на локални и меѓународни конгреси од областа на офталмологијата и 3 труда во научни списанија и зборници. Исто така, учествувала како коавтор на 7 научни трудови од областа на медицината – специјалноста: офталмологија.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Ивана Петковска во моментов активно е вклучена во стручно-апликативната работа на очното одделение при ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје, каде што е вработена од јули 2016 година. Врши стручна здравствена специјалистичка дејност од областа на офталмологијата како специјалист офталмолог од 2017 година.

Член е на Здружението на офталмолози на РС Македонија.

Член е на European society of cataract & refractive surgeons, од мај 2019 год.

Стручно усовршување во странство остварила на **BOW- 9th Balkan Ophtalmology Wetlab Course – Cataract surgery, 2019 год.**

## ОБРАЗЕЦ 1
### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
**Ивана Ананија Петковска**
**Институција:**
**Медицински факултет при УКИМ – Скопје**
Научна област**:** ***ОФТАЛМОЛОГИЈА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: **9,05** | да |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик**: англиски јазик**<br>2. Назив на документот: **Уверение за познавање на англиски јазик на Ц1-ниво (CEFR)**<br>3. Издавач на документот: **Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје**<br>4. Датум на издавање на документот **15.3.2022** | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Весна Димовска Јорданова, с.р.**
**Проф. д-р Милена Голубовиќ, с.р.**
**В. н. сор. д-р Емилија Ѓошевска Даштевска, с.р.**

**Д-р АНДРИЈАНА ПЕТРУШЕВСКА**

**1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Андријана Петрушевска е родена на 31.8.1992 година, во Скопје. Средно образование завршила во СОУ „Митко Пенцуклиски” во Кратово, во 2011 год. Со високо образование се стекнала на УКИМ, Медицински факулет, Скопје, во 2017 година. Дипломирала на 16.5.2017 година, со просечен успех 9,71. Во март 2018 год. запишала специјализација по офталмологија, а од февруари 2019 год. е вработена на Универзитетската клиника за очни болести во Скопје.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во октомври 2021 год. се запишала на трет циклус студии на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје под менторство на проф. д-р Милена Голубовиќ.

Во моментот е петта година на специјализација по офталмологија на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Андријана Петрушевска има објавено вкупно 4 научни трудови од офталмолошката област, сите во меѓународни научни списанија, и 1 труд во зборник од интернационален научен стручен собир.

**<u>Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатката е активно вклучена во редовните работни активности на Универзитетската клиника за очни болести во Скопје.

Учествува активно на стручни состаноци, симпозиуми, стручни работилници и конгреси во земјата и во странство. Во октомври 2020 год. учествувала со усна презентација на стручен вебинар „Оптимизација на третманот на вСМД со aflybercept во време на COVID-19”. Во ноември 2021 год. завршила курс за ултразвук на око кај проф. д-р Иван Стефановиќ.

## ОБРАЗЕЦ 1
### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Андријана Симеон Петрушевска***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***УКИМ, Медицински факулет, Скопје***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **ОФТАЛМОЛОГИЈА**

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: **9,71** | Да |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот:First Certificate in English (FCE) – grade C in the First CEtrificate in English council od ERrope Level B2<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: June, 2010 | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Весна Димовска Јорданова, с.р.**
**Проф. д-р Милена Голубовиќ, с.р.**
**В. н. сор. д-р Емилија Ѓошевска Даштевска, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на д-р Ана Трпеска, д-р Газменд Мехмети, д-р Ивана Петковска и д-р Андријана Петрушевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите, Комисијата заклучи дека **д-р Ана Трпеска и д-р Андријана Петрушевска** поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето асистент по предметот Офталмологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје**, д-р Ана Трпеска и д-р Андријана Петрушевска** да бидат избрани во звањето **асистент по предметот Офталмологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Весна Димовска Јорданова, с.р.**
**Проф. д-р Милена Голубовиќ, с.р.**
**В. н. сор. д-р Емилија Ѓошевска Даштевска, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ДВА АСИСТЕНТА ПО ПРЕДМЕТОТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 9.3.2022 година, за избор на два асистента (2) по предметот Дерматовенерологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1573/20, од 5.4.2022 година, донесена на XL редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Сузана Николовска, редовен професор на Медицинскиот факултет, проф. д-р Весна Гривчева Пановска, редовен професор на Медицинскиот факултет, и доц. д-р Христина Брешковска, доцент на Медицинскиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на два асистента по предметот Дерматовенерологија, во предвидениот рок се пријавија 4 кандидати: д-р Дејан Филиповиќ, д-р Елена Мирческа Арсовска, д-р Виктор Симеоновски и д-р Анита Најдова.

### Д-р Дејан Филиповиќ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Дејан Филиповиќ е роден на 27.1.1981 година, во Скопје. Средно образование завршил во ДУСО„Д-р Орце Николов“ во Скопје, во 2000 година. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, во 2009 година. Дипломирал на 13.7.2009 година, со просечен успех 8,0.

Кандидатот ја започнал специјализацијата по дерматовенерологија на 3.5.2010 година, а ја завршил на 10.7.2015 година, во Скопје.

Кандидатот се запишал на докторски студии во академската 2018/2019 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот, германскиот, српскиот и бугарскиот јазик.

Од декември 2018 година е вработен на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматовенерологија.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Дејан Филиповиќ е автор на еден труд во стручно списание и учествува како истражувач во еден научноистражувачки проект, и тоа:

1. **Filipovic D**. Kamnar V.Chadikovski V, Stavridis K. The importance of HPV vaccination in the prevention of cervical cancer. MEDICUS 2021;26:7-11
2. Мукокутани промени после акутен COVID-19: проспективна кохортна студија. Главен истражувач: проф. д-р Катерина Дамевска. Код NIP.UKIM 20-21.5

## ОБРАЗЕЦ 1
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: **Дејан Новица Филиповиќ**
Институција: **Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
Научна област: **дерматовенерологија**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br><br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,0. | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Bulats (CEFR) C1<br>3. Издавач на документот: British council<br>4. Датум на издавање на документот: 25.6.2018. | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сузана Николовска, с.р.**
**Проф. д-р Весна Гривчева Пановска, с.р.**
**Доц. д-р Христина Брешковска, с.р.**

**Д-р Елена Мирческа Арсовска**

## 2. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Елена Мирческа Арсовска е родена на 5.1.1978 година, во Прилеп. Основно и средно образование завршила во Прилеп. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, во 2005 година. Дипломирала на 4.10.2005 година, со просечен успех 8,10.

Кандидатката завршила академски студии по јавно здравство, ниво на квалификација VII-A, на 29.4.2013 година, со просечна оценка 9,88, и се стекнала со називот магистер на науки по јавно здравство.

Кандидатката ја започнала специјализацијата по дерматовенерологија во 2015 година, а ја завршила на 22.6.2020 година, во Скопје.

Кандидатката се запишала на докторски студии во академската 2021/2022 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот, бугарскиот и српскиот јазик.

Од 2015 година е вработена на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматовенерологија.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Елена Мирческа Арсовска е коавтор на два труда во стручно списание и учествува како истражувач во еден научноистражувачки проект, и тоа:

1. Faik R. Tusheva I., Gjoric I.,Demiri-Sulejmani D., **Mircheska-Arsovska E**. et al. Allergic contact dermatitis in a patient with stasis dermatitis-case report. Acta Morphol 2020;17(1):56-63.
2. Spasov M., Damcevska J. **Mirceska-Arsovska E.** Krstevski S., Kaftandziev I.Radial head resection – is it still valuable surgical solution? JMS 2020;391):85-90
3. Мукокутани промени после акутен COVID-19:проспективна кохортна студија . Главен истражувач: проф. д-р Катерина Дамевска. Код NIP.UKIM 20-21.5.

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: **Елена Ванче Мирческа Арсовска**
Институција: **Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
Научна област: **дерматовенерологија**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br><br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,10.<br>Просечен успех на постдипломски студии изнесува: 9,88. | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: уверение за успешно положен тест по англиски јазик во струка – медицина и нивото на познавање на јазикот одговара на Б2-рамниште според Заедничката европска референтна рамка<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 2017 година. | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сузана Николовска, с.р.**
**Проф. д-р Весна Гривчева Пановска, с.р.**
**Доц. д-р Христина Брешковска, с.р.**

**Д-р Анита Најдова**

**3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Анита Најдова е родена на 10.8.1992 година, во Гевгелија. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, во 2017 година, со просечен успех 8,47.

Во 2018 година ја започнала специјализацијата по дерматовенерологија на Катедрата за дерматовенерологија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Кандидатката се запишала на докторски студии во академската 2019/2020 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот, српскиот и турскиот јазик.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Анита Најдова е коавтор на поглавје на книга објавена во странство, автор и коавтор на 2 публикации, од кои една во индексирано списание со фактор на влијание. Кандидатката е истражувач во 2 научноистражувачки проекта.

1. Damevska K., Chokoeva AA, Karajovanov ID, **Najdova** A. (2020) Progressive Reticulated Pigmentation of the Folds. In: Lotti T., Tirant M., Parsad D. (eds) Clinical Cases in Pigmentary Disorders. Clinical Cases in Dermatology. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-030-50823-4_10
2. Prevalence of metabolic syndrome in patients with psoriasis. Krstevska M, Caca Biljanovska N, Topuzovska S, Tosheska-Trajkovska K, Bogdanska J, Cekovska S, Brezovska J, Kostovska I, **Najdova** A. Physioacta 2019, Vol. 13-No. 2.
3. Impact of COVID-19 outbreak on dermatology services: Dermatology in isolation. Damevska K., Neloska L., Simeonovski V., Petrov A., Dimitrovska I., Teovska-Mitrevska N., **Najdova** A., Pollozhani N. Dermatologic therapy, 2020; e13552.
4. Qualitative and quantitative assessment of the deposits adhering to the human skin exposed to urban air pollution: an international multicenter study”. Project Number:PPRC-2019-30 (Grant EADV).
5. Мукокутани промени после акутен COVID-19:проспективна кохортна студија. Главен истражувач: проф. д-р Катерина Дамевска. Код NIP.UKIM 20-21.5

## ОБРАЗЕЦ 1
### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Анита Најдова**
Институција: **Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
Научна област: **дерматовенерологија**

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,47. | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Bulats (CEFR) B2<br>3. Издавач на документот: British council<br>4. Датум на издавање на документот: 12.4.2018. | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сузана Николовска, с.р.**
**Проф. д-р Весна Гривчева Пановска, с.р.**
**Доц. д-р Христина Брешковска, с.р.**

**Д-р Виктор Симеоновски**

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот е роден на 1.6.1993 година, во Скопје. На Медицинскиот факултет се запишал во 2011 година, а го завршил во мај 2017 година со среден успех 9,32.

Во 2018 година ја започнал специјализацијата по дерматовенерологија, на Катедрата за дерматовенерологија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Кандидатот се запишал на докторски студии во академската 2018/2019 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот, германскиот и српскиот јазик.

Од февруари 2020 година е вработен на Универзитетската клиника за дерматологија.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот во периодот јануари – декември 2019 година бил демонстратор по предметот Дерматовенерологија на студентите по медицина и стоматологија од прв циклус студии.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Виктор Симоновски е коавтор на поглавје на книга објавена во странство, коавтор на прирачник за студенти, како и автор и коавтор на 9 публикации, од кои 5 во индексирани списанија со фактор на влијание. Освен тоа, учествувал како истражувач во два научноистражувачки проекта.

1. Damevska K., Peev I., Ranawaka R., **Simeonovski** V. Hypopigmentation from chemical and physical agents. In: Hypopigmentation (Nicolaidou E, Dessinioti C, Katsambas A, eds) 1st edn. CRC Press, Taylor&Francis Group, 2019, 159- 163.
2. Костовски М., **Симеоновски** В. Хистолошки прилози: препознавање и анализа на хистолошки препарати. Хистологија – Прирачник. Здружение на анатоми и морфолози на Македонија (Винсент Графика), Скопје 2020. (Рецензиран прирачник за студенти по медицина и биомедицински науки).
3. **Simeonovski** V, Kostovski M, Gjoric I, Damevska S, Peev I. Acquired lymphangiectasia: a rare mimic of genital warts. Dermatology Online Journal. 2020.26 (приказ на случај).
4. Bachevski D., Damevska K., **Simeonovski** V., Dimova M. Back to the basics: Propolis and COVID-19. Dermatol Ther. 2020:e13780.
5. Dimova M, Damevska K, Nikolovska S, Dohcheva-Karajovanov I, Duma S, Kostovski M, **Simeonovski** V. Pediatric case of lichen planus pigmentosus inversus successfully treated with narrow band ultraviolet B phototherapy. Dermatol Ther. 2020:e14073.
6. Damevska K., Neloska L., **Simeonovski** V., Petrov A., Dimitrovska I., Teovska-Mitrevska N., Najdova A, Pollozhani N. Impact of COVID-19 outbreak on dermatology services: Dermatology in isolation. Dermatol Ther. 2020:e13552.
7. Damevska K, Boev B, Mirakovski D, Petrov A, Darlenski R, **Simeonovski** V. How to prevent skin damage from air pollution. Part 1: Exposure assessment. Dermatol Ther. 2019;21:e13171.

8. Damevska K., **Simeonovski** V., Darlenski R, Damevska S. How to prevent skin damagefrom air pollution part 2: Current treatment options. Dermatol Ther. 2021; 34:e15132.
9. Kostovski M., **Simenovski** V. Ethical considerations towards individual results delivery and the consequences of incidental findings in the whole genome and exome sequencing. Acta morphol.2019;Vol.16(1):53–62
10. **Simeonovski** V., Breshkovska H., Duma S., Dohcheva-Karajovanov I., Damevska K., Nikolovska S. Hydroxyurea Associated Cutaneous Lesions: A Case Report. Open Access Maced J Med Sci. 2018 Aug 19;6(8):1458-1461.
11. **Simeonovski** V., Kostovski M. Cervical cancer and human papillomavirus knowledge among students in the Republic of Macedonia. Acta morphol. 2018;Vol.15(1):54-65
12. Qualitative and quantitative assessment of the deposits adhering to the human skin exposed to urban air pollution: an international multicenter study”. Project Number:PPRC-2019-30 (Grant EADV).
13. Мукокутани промени после акутен COVID-19:проспективна кохортна студија . Главен истражувач: проф. д-р Катерина Дамевска. Код NIP.UKIM 20-21.5

## ОБРАЗЕЦ 1
### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Виктор Владимир Симеоновски**
Институција: **Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
Научна област: **дерматовенерологија**

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува:: 9,32. | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Bulats (CEFR) C2<br>3. Издавач на документот: British council<br>4. Датум на издавање на документот: 2.6.2019. | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сузана Николовска, с.р.**
**Проф. д-р Весна Гривчева Пановска, с.р.**
**Доц. д-р Христина Брешковска, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на д-р Дејан Филиповиќ, д-р Елена Мирческа Арсовска, д-р Виктор Симеоновски и д-р Анита Најдова. Врз основа на изнесените податоци, Комисијата заклучи дека д-р Дејан Филиповиќ, д-р Елена Мирческа, д-р Виктор Симеоновски и д-р Анита Најдова, според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат условите да бидат избрани во звањето асистент по предметот Дерматовенерологија.

Ценејќи ја стручно-применувачката дејност на кандидатите, Комисијата одлучи, во звањето асистент по предметот Дерматовенерологија, да бидат избрани д-р Анита Најдова и д-р Виктор Симеоновски, а д-р Дејан Филиповиќ и д-р Елена Мирческа Арсовска да не бидат избрани.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Анита Најдова и д-р Виктор Симеоновски да бидат избрани во звањето асистент по предметот Дерматовенерологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сузана Николовска, с.р.**
**Проф. д-р Весна Гривчева Пановска, с.р.**
**Доц. д-р Христина Брешковска, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ФИНАНСОВО ПРАВО И ФИНАНСИИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 1.6.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област финансово право и финансии, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на 1.7.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Кики Мангова Поњавиќ, редовен професор (во пензија) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Александра Максимовска Стојкова, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Јован Зафироски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област **финансово право и финансии**, во предвидениот рок се пријави кандидатката **д-р Елена Добре Нешовска Ќосева**.

Кандидатката во прилог на својата пријава ги достави сите потребни документи, претходно наведени во конкурсот: доказ за стекнат соодветен степен на образование, изјава за исполнување на општите и посебните услови за избор, уверение за државјанство, кратка биографија (CV), список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите, преглед на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Елена Нешовска Ќосева е родена на 6.7.1986 година, во Скопје. Средно образование завршила во ДСЕПУ „Васил Антевски Дрен“ во 2005 година. Со високо образование се стекнала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала на 10.6.2008 година, со просечен успех 9,76.

Во учебната 2008/2009 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршила во март 2010 година, со просечен успех 10,00. На 25.9.2010 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Даночна прогресија versus рамен данок“.

Докторска дисертација пријавила на 13.2.2014 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема: „Даночен третман на прекуграничните активности низ призмата на билатералните договори за избегнување на двојно оданочување на доходот и капиталот“ ја одбранила на 21.4.2015 година, пред Комисија во состав: д-р Владимир Кандикјан, редовен професор, д-р Весна Пендовска, редовен професор (ментор), д-р Сашо Георгиевски, редовен професор, д-р Александра Максимовска-Велјановски, вонреден професор и д-р Јован Зафироски, доцент. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на правни науки од областа на финансовото право.

Во учебните 2008/2009, 2009/2010 и 2011/2012, кандидатката е ангажирана како демонстратор на Катедрата за финансово право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје врз основа на одлуки за избор на демонстратор на Наставно-научниот совет од 22.9.2008 година, 7.2009 година и 25.11.2011 година. Во учебните 2012/2013 и 2013/2014, кандидатката е ангажирана како соработник на Катедрата за финансово право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, врз основа на одлуки за избор на соработници на Наставно-научниот совет и договори од 22.2.2013 година и 1.7.2013 година. Во учебната 2014/2015, кандидатката била волонтер на Катедрата за финансово право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, врз основа на одлука од Деканатската управа и спогодба за вршење на волонтерска работа од 1.10.2014 година. За периодот 15.3.2016 – 15.3.2018 година, кандидатката е ангажирана како соработник на Катедрата за финансово право врз основа на договорот за дело, бр. 03-303/3.

На седницата на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 22.12.2017 година, кандидатката е избрана за доцент на научната област финансово право и финансии. Во моментот, кандидатката работи како доцент на научната област финансово право и финансии. Последниот реферат за избор на кандидатката е објавен во Билтенот бр. 1158, од 1.12.2017 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот и италијанскиот јазик. Поседува компјутерски вештини и се служи со информатичката технологија.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1158, од 1.12.2017 година, во Извештајот за избор на доцент на научната област финансово право и финансии, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, кандидатката д-р Елена Нешовска Ќосева изведува настава на прв циклус студии, на студиската програма Правни студии, на предметот Финансово право, на втор циклус студии, на студиската програма Финансово право, на предметите: Берзанско право, Меѓународно даночно право, Финансово право – практична настава и Царинско право, и на втор циклус студии, на студиската програма Корпоративно право, на предметот Корпоративни даноци. На третиот циклус студии на студиската програма, кандидатката е ангажирана на предметите: Меѓународно даночно право и Фискално право на Европската Унија.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена или одбрана на 42 магистерски труда.

Кандидатката, заедно со проф. д-р Весна Пендовска, проф. д-р Александра Максимовска Стојкова и проф. д-р Јован Зафироски, е коавтор на позитивно рецензиран универзитетски учебник под наслов „Даночно право“ (издавач: Правен факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје, ISBN 978-608-4655-87-9, стр.394, Скопје, 2021).

Конкретните активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, наведени се во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Елена Нешовска Ќосева, како автор или коавтор, има објавено вкупно 20 научни трудови од областа на финансовото право, од кои 5 труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е

индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование, 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование, 3 труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови, 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, 4 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири, каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји, 2 труда со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание, 4 апстракти објавени во зборници на меѓународни конференции, како и дел од монографија објавен во странство.

Сите пријавени и доставени научни и стручни трудови се соодветно прикачени и евидентирани во Ризницата (репозиториумот) на трудови на УКИМ (и се достапни на следниот линк: https://repository.ukim.mk/simple-search?query=neshovska+kjoseva).

Д-р Елена Нешовска Ќосева била учесник во 3 национални и 1 меѓународен научен проект.

Во периодот од изборот во претходното звање, кандидатката била ментор на 21 магистерски труд.

Д-р Елена Нешовска Ќосева учествувала и на бројни научни и стручни собири и конференции во земјава и во странство со свои излагања.

Другите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, податоците за објавените трудови, за проектите во кои учествувала кандидатката и за предавањата на научни и стручни собири со меѓународно учество, се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Елена Нешовска Ќосева активно е вклучена во стручно-апликативната работа на повеќе полиња од областа финансово право и финансии, како на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ, така и пошироко.

Кандидатката била член на организациони или програмски одбори на меѓународни научни и стручни собири.

Д-р Елена Нешовска Ќосева земала учество и во промотивните активности на Правниот факултет „Јустинијан Први”, а била член и на неколку факултетски комисии и работни групи.

Активностите кои припаѓаат во стручно-применувачката дејност и дејностите од поширок интерес, подетално се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

На анонимно спроведените анкети на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на првиот и на вториот циклус правни студии, каде што ја изведува наставата, кандидатката д-р Елена Нешовска Ќосева е континуирано позитивно оценувана со високи просечни оценки.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Елена Нешовска Ќосева.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Елена Нешовска Ќосева поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област финансово право и финансии.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, д-р Елена Нешовска Ќосева да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област финансово право и финансии.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Кики Мангова Поњавиќ, с.р.**
**Проф. д-р Александра Максимовска Стојкова, с.р.**
**Проф. д-р Јован Зафироски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

д-р Елена Добре Нешовска Ќосева

**Институција:**

Правен факултет „Јустинијан Први” – Скопје

**Научна област:**

финансово право и финансии

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: ___________<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: ___________<br>Просечниот успех изнесува ___________за интегрираните студии. | /* |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: финансово право, поле: правни науки, подрачје:општествени науки. | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: ___________<br>2. Назив на електронската база на списанија:____________<br>3. Наслов на трудот: ______________<br>4. Година на објава: ______________ | **ДА (подетално во Образец 2)** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1.Назив на научното списание: ___________<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): __________<br>3. Наслов на трудот: _______________<br>4. Година на објава: _______________ | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание: __________<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________<br>3. Наслов на трудот: _______________<br>4. Година на објава: _______________ | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: __________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ______________ | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: ________<br>2.Назив на меѓународниот собир: ______________<br>3.Имиња на земјите: __________<br>4. Наслов на трудот: _______________<br>5. Година на објава: _______________ | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: **1.12.2017 година**, **бр. 1158** | **ДА** |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **ДА** |

* На лицата кои имаат засновано работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.
** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Кики Мангова Поњавиќ, с.р.**
**Проф. д-р Александра Максимовска Стојкова, с.р.**
**Проф. д-р Јован Зафироски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: д-р ЕЛЕНА ДОБРЕ НЕШОВСКА ЌОСЕВА**
(име, татково име и презиме)
**Институција: ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ – СКОПЈЕ**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: ФИНАНСОВО ПРАВО И ФИНАНСИИ**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава** | **14,2075** |
| 1.1 | *Прв циклус студии (*0,04)*<br><br>**Финансово право**<br>- академска 2018/2019 година 2*15*0,04=1,2<br>- академска 2019/2020 година 2*15*0,04=1,2<br>- академска 2020/2021 година 2*15*0,04= 1,2<br>- академска 2021/2022 година 2*15*0,04=1,2<br>Вкупно: 4,8<br><br>Решение на Деканатската управа: бр. 03-1/186 од 4.10.2018 година, бр. 03-1/220 од 27.9.2019 година, бр. 03-1/230 од 23.9.2020 година и бр. 03-1/185 од 16.8.2021 година | 4,8 |
| 1.2 | *Втор циклус студии (*0,05)*<br><br>**Меѓународно даночно право**<br>- академска 2017/2018 година 1,66 *15*0,05= 1,25<br>- академска 2018/2019 година 1,83 *15*0,05= 1,375<br>- академска 2019/2020 година 1,83 *15*0,05= 1,375<br>- академска 2020/2021 година 1,83 *15*0,05= 1,375<br>- академска 2021/2022 година 1,83 *15*0,05= 1,375<br>Вкупно: 6,75<br><br>**Берзанско право**<br>- академска 2018/2019 година 0,193*15*0,05= 0,145<br>- академска 2019/2020 година 0,38*15*0,05= 0,285<br>- академска 2020/2021 година 0,38*15*0,05= 0,285<br>- академска 2021/2022 година 0,74*15*0,05= 0,555<br>Вкупно: 1,27 | 9,4075 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Царинско право**<br>- академска 2021/2022 година<br>1,5*15*0,05=1,125<br>Вкупно: 1,125<br><br>**Корпоративни даноци**<br>- академска 2019/2020 година<br>0,35*15*0,05=0,2625<br>Вкупно: 0,2625<br>Вкупно: 9,4075<br>Решение на Деканатската управа: бр.03-363/2 од 7.3.2018 година, бр. 03-1/186 од 4.10.2018 година, бр. 03-1/220 од 27.9.2019 година, бр. 03-1/230 од 23.9.2020 година, бр. 03-1/185 од 16.8.2021 година и бр.03-1/16 од 15.3.2022 година | |
| 2. | **Подготовка на нов предмет**<br>- предавања (*1)<br><br>2.1 Берзанско право (изборен предмет на мастер Финансово право)<br>Вкупно: 1*1=1 | **1** |
| 3. | **Настава во школи и работилници**<br>- учесник (*1)<br><br>3.1 „Меѓународното оданочување и правото на Република Северна Македонија”, 11.5.2021 и 13.5.2021 година, во организација на ЕЛСА Северна Македонија (предавач) | **1** |
| 4. | **Консултации со студенти (*0,002)**<br><br>- академска 2018/2019 година 200*0,002 = 0,4<br>- академска 2019/2020 година 200*0,002 = 0,4<br>- академска 2020/2021 година 200*0,002 = 0,4<br>- академска 2021/2022 година 200*0,002 = 0,4<br>Вкупно: 1,6 | **1,6** |
| 5. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (*0,3)**<br><br>Вкупно: 42*0.3= 12,6<br>*листата е доставена во пријавата | **12,6** |
| 6. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник**<br>- коавтор (*6)<br><br>6.1 *Даночно право,* Пендовска, Максимовска Стојкова, Зафироски, Нешовска Ќосева. Издавач: Правен факултет „Јустинијан Први” | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| | во Скопје, ISBN 978-608-4655-87-9, стр.394, Скопје, 2021<br><br>Вкупно: 1*6=6 | |
| 7. | **Пакет материјали за одреден предмет (*1)**<br><br>7.1 Царинско право (изборен предмет на мастерот Финансово право)<br>7.2 Корпоративни даноци (изборен предмет на мастерот Корпоративно право)<br><br>Вкупно: 2*1=2 | **2** |
| | **Вкупно** | **38,4075** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерски труд (*2)**<br><br>Вкупно: 21*2= 42<br>*листата е доставена во пријавата | **42** |
| 2. | **Учесник во национални научни проекти (*3)**<br><br>2.1. Мега-проект: *Евроинтеграција на општественииот,*<br>*правниот и политичкиот систем на Република*<br>*Македонија*, Правен факултет „Јустинијан Први“,<br>Скопје<br><br>2.2. *Даночна постапка и правни лекови за заштита на правата на даночните обврзници со посебен акцент на правните лица*, истражувачки проект финансиран од Епицентар, во рамки на проектот на USAID за Подобрување на деловно опкружување во Македонија, јануари – март 2020<br><br>2.3. *Евалуација на даночно-процесните решенија од аспект на заштита на правата на даночните обврзници во Република Северна Македонија: состојби, проблеми и перспективи*”, научноистражувачки проект финансиран од УКИМ, носител: Правен факултет, јануари 2018 – септември 2019 година<br><br>Вкупно: 3*3=9 | **9** |
| 3. | **Учесник во меѓународен научен проект (*5)** | **5** |

| | | |
|---|---|---|
| | 3.1 Project title: *Improving the Working Conditions* (EuropeAid/139824/IH/SER/MK), EU Financed Project, implemented by Archidata s.r.l. and its consortium partners, 4.5 – 17.7.2022 (Senior Non-Key Expert – Legal Expert for Tax and Social Contributions)<br><br>Вкупно: 1*5=5 | |
| 4. | **Дел од монографија објавен во странство**<br><br>4.1 *Tax competition in the Western Balkans an open door tax policy for reaching of desired economic goals – is it enough?,* **Chapter 2** (pp. 37-55), **Scientific monograph "Suvremeni izazovi EU, Republike Hrvatske i zemalja Zapadnoga Balkana – Contemporary Challenges of the EU, the Republic of Croatia and the Western Balkan Countries“** (research project "Investment in Research and Development and Competitiveness of the Republic of Croatia and the Western Balkan Countries (ZP UNIRI 4/19)“, Zafiroski, Neshovska Kjoseva, Издавач: Економски факултет во Ријека, Хрватска, ISBN – 978-953-7813-60-4, 2020<br><br>Вкупно: (6*0,90)*1=5,4 | **5,4** |
| 5. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (*5)**<br><br>5.1 *Taxation in Era of Globalization and Digitalization- Issues and Challenges on National Tax Sovereignty,* Neshovska Kjoseva, Elena, Iustinianus Primus Law Review, Vol.12, Special Issue Year 2021, Publisher: Faculty of Law "Iustinianus Primus"- Skopje, 2021 (available at: http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/) - **indexed in** | **23,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | **EBSCO and HEINONLINE** (1*5=5)<br><br>5.2 *State`s Right to Tax in the Light of the European Convention on Human Rights: Case of EUROMAK METAL DOO v. Republic of Macedonia and Its Impact on the Macedonian Tax Law*, Neshovska Kjoseva, Elena, Iustinianus Primus Law Review, Vol. 11, Special Issue Year 2020, Publisher: Faculty of Law "Iustinianus Primus"- Skopje, 2020 (available at: http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/) - **indexed in EBSCO and HEINONLINE** (1*5=5)<br><br>5.3 *The OECD Multilateral Instrument: New Momentum in the International Tax Law and Its Impact on the Macedonian Tax Law,* Neshovska Kjoseva, Elena, Iustinianus Primus Law Review, Vol.11, Issue 1, Year 2020, Publisher: Law Faculty Iustinianus Primus Skopje, 2020 (available at: http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/) **– indexed in EBSCO and HEINONLINE** (1*5=5)<br><br>5.4 *Legal Transplants in Taxation: Benefits and Handicaps,* Maksimovska Stojkova, Aleksandra, Neshovska Kjoseva, Elena, Iustinianus Primus Law Review, Special Issue Year 2019, Publisher: Faculty of Law "Iustinianus Primus"- Skopje, 2019 (available at: http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/) – **indexed in EBSCO and HEINONLINE** (0,90*5=4,5)<br><br>5.5 *Public-Private Partnership as an Alternative Source for Financing Public Needs: Experiences from South Eastern European Countries*, Pendovska, Vesna, Maksimovska Stojkova, Aleksandra, Neshovska Kjoseva, Elena, Iustinianus Primus Law Review, Vol.9, Issue 1, Year 2018, Law Faculty Iustinianus Primus Skopje, 2018 (available at: http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/) – indexed in **EBSCO and HEINONLINE** (0,80*5=4)<br><br>Вкупно: 3*5+1*4,5+1*4=23,5 | |
| 6. | **Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една** | **7,3** |

| | | |
|---|---|---|
| | **електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (*8+и.ф.)**<br><br>6.1 *Balkan Candidate Countries Running for Fiscal Consolidation: Legal Frameworks vs. Economic Results,* Maksimovska Stojkova, Neshovska Kjoseva & Stojmenovska, Comparative Economic Research. Central and Eastern Europe, Vol.22, No.3, 2019, Издавач: University of Lodz, Poland (**индексирано во Scopus, impact factor 0,900**)<br><br>Вкупно: ((0,80*8)+0,900)*1= 7,3 | |
| 7. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (*5)**<br><br>7.1. *Институтот „даночна арбитража“ како инструмент за подобрување на ефикасноста на заемната помош во даночните работи,* Нешовска Ќосева, Елена, Годишник со меѓународен уредувачки одбор во чест на проф. Мицајков, том 58, издавач: Правен факултет ,,Јустинијан Први” – Скопје, 2018, стр. 435-451 (1*5=5)<br><br>*7.2 Данокот на додадена вредност во Република Македонија наспроти европскиот модел на нето потрошувачки данок на додадена вредност во светло на измените во законската регулатива во Република Македонија,* Пендовска, Весна, Максимовска Стојкова, Александра, Нешовска Ќосева, Елена, Правно списание ,,Европско право” 2/2017, Скопје, стр.123-130 (0,80*5=4)<br><br>*7.3 Оданочување на финансиските трансакции во Европската унија: мит или реална можност?,* Нешовска Ќосева, Елена, Годишник со меѓународен уредувачки одбор во | **14** |

| | | |
|---|---|---|
| | чест на проф. Марјановски, том 56, издавач: Правен факултет „Јустинијан Први” – Скопје, 2017, стр. 475-487 (1*5=5)<br><br>Вкупно: 2*5+1*4=14 | |
| 8. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД (*5)**<br><br>8.1 *Coping with the EU Fiscal Compact: Cross Section Analysis of the Legal Framework and Economic Results by the Candidate Balkan Countries,* Maksimovska Stojkova, Zafiroski & Neshovska Kjoseva, JOR:Jahrbuch fur Ostreht, Band 59, ISSN 0075-2746, Verlag C.H.Beck, IOR Munchen, pp 369-383, 2018<br><br>Вкупно: (0,80*5)*1=4 | **4** |
| 9. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (*5)**<br><br>9.1. *Иднината на меѓународното и македонското даночно право: соочувајќи се со предизвиците по имплементирањето на БЕПС Инклузивната рамка на ОЕЦД,* Нешовска Ќосева, Елена, Зборник од 7. Меѓународна научна конференција „Охридска школа на правото”, во организација на Институтот за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика Прима”, Том 11-12, ISBN 978-608-66152-7-7 (кн. 11), COBISS.MK-ID 52807173, стр.221-240, 2020 (1*5=5)<br><br>9.2. *Основни карактеристики на даночната реформа од 2019 година во Република Северна Македонија,* Пендовска, Максимовска Стојкова & Нешовска Ќосева, Зборник од 5-тата Меѓународната научна конференција „Охридска школа на правото” во организација на Институтот за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика Прима”, Том 9, ISBN 978-608-66152-4-6, стр.71-85, 2019 (0,80*5=4) | **18** |

| | | |
|---|---|---|
| | 9.3. *Some Tax Aspect of Digital (Virtual) Currencies,* Пендовска, Максимовска Стојкова & Нешовска Ќосева, Зборник од 4. Меѓународна научна конференција „Охридска школа на правото”, во организација на Институтот за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика Прима”, том 7, ISBN 978-608-66152-2-2, стр.63-70, 2018 (0,80*5=4)<br><br>9.4. *Ефикасност на заштитата на правата на даночните обврзници во Република Македонија и искуства од компаративното даночно право*, Нешовска Ќосева, Елена, труд во Зборник од 3. Меѓународна научна конференција „Охридска школа на правото” во организација на Институтот за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика Прима”, ISBN 978-608-66152-1-5 (кн. 6), 215-225, 2017 (1*5=5)<br><br>Вкупно: 2*5+2*4=18 | |
| 10. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (*3)**<br><br>10.1 *Мерки на даночната политика за справување со последиците од кризата со ковид-19: случајот на Република Северна Македонија,* Пендовска, Весна, Нешовска Ќосева, Елена, Зборник на трудови во чест на проф. Дејан Попович, Liber Amicorum, Универзитет во Белград, Правен факултет, Белград, стр. 299-313, 2021 (0,90*3=2,7)<br><br>10.2 *Еуромак Метал ДОО против Република Македонија: Принцип на праведност и рамномерност во оданочувањето,* Нешовска Ќосева, Елена, Анализа на домашната и меѓународната судска практика, дел 1, издавач: Центар за правни истражувања и анализи, Скопје, 2020, стр.77-81 (1*3=3)<br><br>Вкупно:1*2,7+1*3=5,7 | **5,7** |
| 11. | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество (*3)**<br><br>11.1 5th Itinerant Summer University in the Balkans, “*Crisis of the Rule of Law in the Balkans and the EU*", во организација на Université Paris Nanterre, Universität Münster и Правниот факултет | **9** |

| | | |
|---|---|---|
| | ,,Јустинијан Први” – Скопје, одржана во Скопје, 5-6.5.2022 година (учество со излагање на тема ,,**A Way Out of Crisis Through Fiscal Councils in the Balkans and the European Union**, во коавторство со проф.А. Максимовска Стојкова)<br><br>11.2 *7th Regional Meeting on BEPS for Eurasian Countries*, во организација на Министерство за финансии на РСМ, ОЕЦД и Intra-European Organization of Tax Administration, 18.11.2021 (учество со излагање како претставник на академската заедница на тема: **Country-by-country report: Issues and Challenges for Republic of North Macedonia**)<br><br>11.3 *Прв меѓународен форум за политиката „Еден појас-еден пат“: Странските директни инвестиции во Централна, Источна и Југоисточна Европа,* во организација на Универзитетот Св.Кирил и Методиј-Македонија и Југозападниот универзитет за финансии и економија – НР Кина, одржан на 25.4.2018 година во Скопје (учество со излагање)<br><br>Вкупно: 3*3=9 | |
| 12. | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество (*2)**<br><br>12.1 2021 Annual International Conference, “*Law, socio-economic and politics in troubled times*” во организација на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје, одржана во Скопје, 5.11.2021 година (учество со секциско излагање)<br><br>12.2 *Contradictions of the contemporary law,* во организација на University of East Sarajevo, Faculty of Law, одржана во Пале, на 30.10.2021 (учество со секциско излагање и презентација на труд)<br><br>12.3 *RUST2021 - Mandatory Disclosure Rules*, во организација на Institute for Austrian and International Tax Law, при Vienna University of Economics and Business, одржан online на 3.7.2021 година (учество со излагање како национален известувач заедно со проф. д-р Александра Максимовска Стојкова)<br><br>12.4 2020 Annual International Conference, “*70 years of European Convention of Human Rights*”, | **20** |

| | | |
|---|---|---|
| | во организација на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје, одржана во Скопје, 6.11.2020 година (учество со излагање)<br><br>12.5 7th International Scientific Conference Ohrid School Of Law – 2020, *The Future of Law: Facing the Challenges of COVID 19,* во организација на Институтот за правно-економски истражувања и едукација ,,Јуридика Прима” (учество со излагање)<br><br>12.6 2019 Annual International Conference, “*Transitions of Legal Systems: 30 Years after the fall of the Berlin Wall*”, во организација на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје, одржана во Скопје, 8-9.11.2019 година (учество со излагање)<br><br>12.7 *5. Скопско-загрепски колоквиум,* во организација на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје, одржан во Скопје, на 13.9.2019 година (учество со излагање)<br><br>12.8 *6th Shadow Economy Conference: Tax Evasion and Economic Inequity,* во организација на Катедрата за економија и менаџмент при Универзитетот во Тренто, одржана во Тренто, Италија, во периодот 11 – 13 јули 2019 година (учество со излагање)<br><br>12.9 5. Меѓународна научна конференција *Охридска школа на правото: Злоупотреба на правото и „ненормалното” право наспроти владеење на правото,* во организација на Институтот за правно-економски истражувања и едукација ,,Јуридика Прима”, одржана во Охрид, во периодот од 9 до 12 мај 2019 (учество со излагање)<br><br>12.10 4. Меѓународна научна конференција *Охридска школа на правото: „Реформите во правото: чекор поблиску до владеење на правото”,* во организација на Институтот за правно-економски истражувања и едукација ,,Јуридика Прима”, одржана во Охрид, во периодот од 10 до 13 мај 2018 (учество со излагање)<br><br>Вкупно: 10*2=20 | |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | **Апстракти објавени во зборник на конференција**<br>- **меѓународна (*1)**<br><br>13.1 *Combating Tax Evasion and Tax Avoidance by Exchanging of Tax Information - Macedonian Experience on the Path to the EU Integration* – Neshovska Kjoseva, Elena, Book of Abstracts of the X Scientific Conference *“Contradictions of the contemporary law“* (ISBN 978-99938-57-60-0) organized by the University of East Sarajevo, Faculty of Law, held in Pale, on 30.10.2021, pp.142-143<br><br>13.2 *State`s Right to Tax in the Light of the European Convention on Human Rights: Case of EUROMAK METAL DOO v. Republic of Macedonia and Its Impact on the Macedonian Tax Law*, Neshovska Kjoseva, Elena, Book of Abstracts of the 2020 Annual International Conference, “70 years of European Convention of Human Rights”, Publisher: Faculty of Law “Iustinianus Primus”- Skopje, p.23, 2020<br><br>13.3 *Legal Transplants in Taxation: Benefits and Handicaps,* Maksimovska Stojkova & Neshovska Kjoseva, Book of Abstracts of the 2019 Annual International Conference, “Transitions of Legal Systems: 30 Years after the fall of the Berlin Wall, Publisher: Faculty of Law “Iustinianus Primus”- Skopje, ISBN: 978-608-4655-73-2, pp.79, 2019<br><br>13.4 *From Flat Tax Going Backward to Progressive Taxation: National Perspective on Tax Policy Measures Against Tax Evasion and Income Inequality in the Republic of North Macedonia,* Neshovska Kjoseva, Elena, Extended Abstract for the *6th Shadow Economy Conference: Tax Evasion and Economic Inequity,* во организација на Катедрата по економија и менаџмент при Универзитетот во Тренто, 2019<br><br>Вкупно: 4*1=4 | **4** |
| | **Вкупно** | **166,9** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Учество во промотивни активности на Факултетот (*0,5)** | **2,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | 1.1 Промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на Отворените денови на УКИМ, мај 2018 (Решение бр. 03-639/2 од 10.5.2018 година)<br><br>1.2 Промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, во средните училишта низ државата (Решение бр. 03-729/1 од 3.6.2019 година)<br><br>1.3 Промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на Отворениот ден на УКИМ, август 2019 (Решение бр.03-905/1 од 5.7.2019 година)<br><br>1.4 Промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, во рамки на програмската активност на Секторот за образование на Град Скопје (Решение бр. 03-258/1 од 21.2.2020 година)<br><br>1.5 Промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, за упис на студенти во академската 2021/22 (Решение бр. 03-470/1 од 23.4.2021 година)<br><br>Вкупно.5*0,5=2,5 | |
| 2. | **Член во комисија изработка на подзаконски акт (*2)**<br><br>2.1 Член на Работна група за изработка на Нацрт-деловник за начин на работа и одлучување на Деканатската управа на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје и за изработка на Нацрт-деловник за начин на работа и одлучување на внатрешните организациони единици, работните и стручните тела и комисии на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје<br>(Решение бр. 03-1508/1 од 3.12.2019 година)<br><br>Вкупно:1*2=2 | **2** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 3. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир (*1)**<br><br>3.1 Член на Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2021 (Одлука бр. 02-384/6 од 5.4.2021) | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| | 3.2 Член на Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2022 (Одлука бр. 02-369/5 од 1.4.2022)<br><br>Вкупно: 2*1=2 | |
| 4. | **Член на факултетска комисија (*0,5)**<br><br>4.1. Претседател на Комисија за попис и утврдување на паричните и други форми на побарувања и обврски (Одлука бр. 02-1433/9 од 30.11.2018 година и Решение бр. 02-1433/10 од 30.11.2018 година)<br><br>4.2. Член на Изборна комисија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, за избор на ректор на УКИМ (Одлука бр. 02-546/4 од 8.6.2020)<br><br>4.3. Претседател на Комисија за попис и утврдување на паричните и други форми на побарувања и обврски (Одлука бр. 02-1160/6 од 27.11.2020 година и Решение бр. 02-1160/8 од 27.11.2020 година)<br><br>4.4. Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2021/2022 година (Одлука бр. 02-775/17 од 6.7.2021 година)<br><br>4.5. Член на Комисија согласно со Одлуката за плаќање на половина од износот на уписнината на прв циклус за студенти чие родителско право го врши само еден родител и критериумите за остварување на ова право за учебната 2021/2022 (Решение бр. 03-1032/1 од 22.9.2021 година)<br><br>4.6. Член на Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Одлука бр. 03-1266/1 од 9.11.2021 година)<br><br>4.7. Член на Комисија за подготовка на Елаборат за повторна акредитација на студиската програма на втор циклус студии – Финансово право (Решение бр. 03-257/1 од 7.3.2022 година)<br><br>Вкупно: 7*0,5= 3,5 | **3,5** |
| | **Вкупно** | **10** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **38,4075** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **166,9** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **10** |
| **Вкупно** | **215,3075** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Кики Мангова Поњавиќ, с.р.**
**Проф. д-р Александра Максимовска Стојкова, с.р.**
**Проф. д-р Јован Зафироски, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „СИНДИКАЛНО ПРАВО“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ЛАЗАР ЈОВЕВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“, бр.02-614/9 од 6.6.2022 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Синдикално право“ од авторот проф. д-р Лазар Јовевски, наменет за студентите на постдипломски студии – Деловно право (назив на единицата), за предметот Синдикално право, избрани се проф. д-р Гзиме Старова и проф. д-р Тодор Каламатиев.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Синдикално право |
| **Назив на предметната програма:** | Синдикално право |
| **Назив на студиската програма:** | Деловно право – модул Б трудово право |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | **52,5 часа и 6 кредити** |
| Предметот Синдикално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ е изборен (изборен/задолжителен) предмет со фонд на часови 52,5, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во 9. семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 287 страници (формат Times New Roman со македонска поддршка, напишани на компјутер, со големина на фонтот 12). Текстот е поделен во три глави, дополнително и литературата, и не содржи слики и табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
**Проф. д-р Гзиме Старова, с.р.**
**Проф. д-р Тодор Каламатиев, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ГЗИМЕ СТАРОВА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот со наслов „Синдикално право“ содржи три систематски целини, претставени во три посебни глави, во кои се анализираат прашањата од областа на колективното трудово право, но, пред сè, аспектот на синдикалното организирање, делување, колективно преговарање и решавање на колективните работни спорови.<br>Првата глава од ракописот има наслов „Синдикати, синдикализам и синдикално делување“, и неа се содржани четири посебни глави. Овој дел од ракописот ги опфаќа прашањата за правото и слободата на синдикално организирање и делување, како и на работодавачите, предметот и содржината на синдикалното право, условите за формирање преточени во главата со наслов: „Право на здружување во професионални организации“.<br>Втората глава од првиот дел со наслов „Појава, развој на синдикатите и правна рамка“ се однесува на историскиот развој на синдикализмот од идеја до активен социјален партнер.<br>Третата глава се задржува на претставувањето преку синдикатите, заштитата на синдикалните претставници, репрезентативноста и учеството на синдикатите во социјалниот дијалог на национално и на меѓународно ниво, па оттаму и насловот на оваа глава – „Синдикално претставување и делување“<br>Четвртата глава има наслов „Право на партиципација на вработените“, во која авторот пишува за правото на информирање, консултирање и соодлучување на вработените во претпријатијата како дел од новиот концепт на колективното трудово право.<br>Вториот дел од ракописот е со наслов „Колективно преговарање и колективни трудовои договори“. Во овој дел, авторот пишува за појавата и развојот на колективното преговарање и колективните договори низ историјата и регионот на Југоисточна Европа, за системот на колективно преговарање каде што се дефинираат поимот, предметот и начините на уредување на колективното преговарање и колективните договори, како и за колективните трудови договори и |

| | |
|---|---|
| | колективното преговарање во Македонија, претставено низ нормативната рамка и практичните аспекти. Овој содржински колаж е претставен во три глави со наслов: „Појава и развој на колективното преговарање и колективните договори“, „Систем на колективно преговарање“ и третата глава – „Колективни трудови договори и колективно преговарање во Македонија“.<br>Третиот дел од книгата се однесува на „Колективните работни спорови и нивното решавање“. Овој дел, исто така, содржи три посебни глави. Во правата глава со наслов: „Поимни определувања“, авторот ги дефинира поимот и предметот на колективниот работен спор, субјектите, видовите на спорови и начелата. Во втората глава – „Решавање на колективните работни спорови“, опишани се моделите и начините за решавање на споровите, притоа акцентирајќи ги мирните и институционалните методи. Третата глава од овој дел ги опишува аспектите на делување и акција како модели на решавање на колективните работни спорови, при што авторот се задржува на моделите на синдикална акција, како што се: штрајк, протест, бојкот и пикетинг, и моделот на локаут, како можност за работодавачите. Токму затоа оваа глава има наслов: „Право на колективно делување“.<br>Содржината на овој ракопис претставува системска и методолошка целина која за прв пат во земјата на унифициран начин ги обработува темите од областа на синдикалното право. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот „Синдикално право“ целосно содржински е усогласен со предметната програма и ги опфаќа сите содржински елементи од силабусот усвоен и предвиден за посочената предметна програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема предлози за корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот опфаќа актуелна и значајна тема која се однесува на современите прашања на синдикализмот, социјалниот дијалог и идниот развој на колективното трудово право. Темата |

| | |
|---|---|
| | досега научно не е третирана на овој начин, со што се отвора ново поглаје во развојот на синдикалното право и, воопшто, на трудовото право во земјата.<br>Во изработката на ракописот, авторот користи научна и стручна литература (домашна и странска) која се однесува на предметната материја. Ракописот има јасна систематика и употребениот стил и јазик овозможуваат лесно да се следи мислата во текстот. Авторот на умешен начин ги комбинира традиционалниот и медерниот учебникарски стил на пишување, со што содржината на ракописот ја доближува до стручната, но и поширократа читачка јавност. Ставовите на авторот во однос на предметот и содржината на темата на пишување се јасно и недвосмислено изразени.<br>Ракописот „Синдикално право“ ги содржи сите карактеристики на сериозен и изворен научен труд кој има за цел да ги образува и информира студентите за кого е наменет.<br>Имајќи го предвид понапред изнесеното, со задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот му предлагаме да го прифати овој рецензентски извештај и да овозможи користење на ракописот „Синдикално право“ од авторот проф. д-р Лазар Јовевски како учебник за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 287 страници Word document, напишани на компјутер, со големина на фонтот 12, Times New Roman, со македонска поддршка. Текстот е поделен во три глави, дополнително и литературата, и не содржи слики и табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Синдикално право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет.

Во Скопје, 27.6.2022 година

**Рецензент**
**Проф. д-р Гзиме Старова, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ТОДОР КАЛАМАТИЕВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот со наслов „Синдикално право“ содржински ги опфаќа темите кои се дел од содржината на силабусот на правната дисциплина синдикално право која се изучува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.<br>Во содржината, авторот темите ги дели во три дела. Првиот дел има наслов „Синдикати, синдикализам и синдикално делување“, во кои се вклучени четири глави, при што во првата глава се опфатени темите поврзани со предметот и содржината на синдикалното право, правото на здружување во професинални организации, односно поимното определување на синдикатот како организација на работниците и организациите на работодавачите. Втората глава се однесува на појавата, развојот на синдикатите и правната рамка, при што се согледуваат меѓународните колективни трудови стандарди и националните решенија. Третата глава се однесува на синдикално претставување и делување, во која се обаснети појавните форми на колективно делување, правната заштита и суштината на социјалниот диајлог. Во четвртата глава, авторот ја обработува особено актуелната тема со наслов право на партиципација на вработените, низ аглите на информирање, консултирање и соодлучување.<br>Во вториот дел со наслов „Колективно преговаање и колективни трудови договори“ се содржани главите за појавата и развојот на колективното преговарање и колективните договори низ историјата и регионот на Југоисточна Европа (прва глава), делот за системот на колективно преговарање кој е опфатен во втората глава и се однесува на поимот, предметот и начините на уредување на колективното преговарање и колективните договори. Третата глава се однесува на колективните трудови договори и колективното преговарање во Македонија, претставено низ нормативната рамка и практичните аспекти.<br>Третиот дел се однесува на колективните работни спорови и нивното решавање. Овој дел, исто така, е составен од три глави, од кои првата глава се однесува на поимното |

| | |
|---|---|
| | определување на колективните работни спорови и системот на нивно решавање, втората глава се однесува на начините на решавање на колективните работни спорови согласно со меѓународните и домашните правни и практични искуства, додека, пак, третата глава е за правото на колективно делување изразено преку неговите појавни нормативни форми.<br>Содржински, авторот ги систематизирал областите на предметот на синдикалното право во една поврзана целина, каде што преку меѓународните стандарди и домашните решенија се осветлуваат прашањата кои се предмет на овој ракопис. Покрај тоа, во содржината постојат и посебни делови каде што се анализира судската пракса во Македонија и на Судот за човекови права во Стразбур за предмети од областа на синдикалното организирање и делување, како и заштитата на правата на работодавачите. На тој начин содржински овој ракопис е комплетен. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот „Синдикално право“ содржински е усогласен со предметната програма и ги опфаќа сите содржински елементи од силабусот усвоен и предвиден за посочената предметна програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Авторот при следни реизданија треба да размисли за можно проширување на предметот и содржината на пишувањето низ аспектите на споредбените решенија за моделите на мирно решавање на колективните работни спорови. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот опфаќа современа и значајна тема која се однесува на современите прашања на синдикализмот, социјалниот дијалог и идниот развој на колективното трудово право. Во изработката на ракописот, авторот користи научна и стручна литература (домашна и странска) која се однесува на предметната материја. Ракописот има јасна систематика и употребениот стил и јазик овозможуваат лесно да се следи мислата во текстот. Авторот на умешен начин ги комбинира традиционалниот и медерниот учебникарски стил на пишување |

| | |
|---|---|
| | со што содржината на ракописот ја доближува до стручната, но и пошироката читачка јавност. Ставовите на авторот во однос на предметот и содржината на темата на пишување се јасно и недвосмислено изразени. Ракописот „Синдикално право“ ги содржи сите карактеристики на сериозен научен труд кој има за цел да ги образува и информира студентите за кого е наменет.<br>Имајќи го предвид понапред изнесеното, со задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот му предлагаме да го прифати овој рецензентски извештај и да овозможи користење на ракописот „Синдикално право“ од авторот проф. д-р Лазар Јовевски како учебник за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 287 страници Word document, напишани на компјутер, со големина на фонтот 12, Times New Roman, со македонска поддршка. Текстот е поделен во три глави, дополнително и литературата, и не содржи слики и табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот синдикално право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет.

Во Скопје, 27.6.2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Тодор Каламатиев, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од 01-07-2022 година

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| Невенка Гулевска | Економски и правни аспекти на управувањето со ризиците во дигиталното банкарство (Economic and Legal Aspects of Risk Management in Digital Banking) | проф.д-р Александар Стојков | 04.07 2022 | 02- 738 / 52 |
| Мартин Мишевски | Улогата на Европската Унија во решавањето на конфликти (European Union's role in conflict solution) | проф.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска | 04.07 2022 | 02- 738 / 57 |
| Тамара Ристовска | Влијанието на НВО секторот врз креирањето на надворешната политика на Европската Унија (The influence of the NGO sector in the creation of the European Union's foreign policy) | проф.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска | 04.07 2022 | 02- 738 / 58 |
| Никола Трајковски | Развој и консолидација на украинскиот национален идентитет со компаративен приказ на идентитетските конфронтации од Западен Балкан (Development and consolidation of the Ukrainian national identity with a comparative overview of identity confrontations in the Western Balkans) | проф. д-р Христина Рунчева Тасев | 04.07 2022 | 02- 738 / 59 |
| Анастасија Петровска | Децата како жртви на физичко, психичко и сексуално вознемирување (Children as Victims of Physical, Psychological and Sexual Harassment) | проф. д-р Александра Груевска Дракулевски | 04.07 2022 | 02- 738 / 53 |
| Бисера Стојкова Ангелова | Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот со посебен осврт врз противправното лишување од слобода (Crimes Against the Human Rights and Liberties with Specific Aspects of the Crime of Unlawful Deprivation of Liberty) | проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова | 04.07 2022 | 02- 738 / 54 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Сара Алексиќ | Трговија со луѓе и криумчарење мигранти – казненоправни аспекти (Trade in Human Beings and Smuggling of Migrants – Criminal Law Aspects) | проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова | 04.07 2022 | 02- 738 / 55 |
| Мартина Коцева | Управните договори кои ги склучува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (The Administrative Contracts Concluded by the Health Insurance Fund of the Republic of North Macedonia) | проф. д-р Ана Павловска Данева | 04.07 2022 | 02- 738 / 56 |

Д Е К А Н,
Изработил : Хамди Весели Проф.д-р Сашо Георгиевски

Советник за студентски прашање

**П Р Е Г Л Е Д**
**На прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**
**Наставно-научен совет – 01.07.2022 година**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| м-р Лепосава Огњаноска | „Владеењето на правото како темелна вредност на Европската Унија и процесот на европска интеграција и во политиката на проширување“ | „The Rule of Law as a Fundamental Value of the EU, the Integration Process and the Enlargement Policy“ | Проф. д-р Татјана Петрушевска (менторка), Проф. д-р Елена Михајлова Стратилати и Проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска | 01.07.2022 година | 02-738/63 |
| м-р Катерина Бучковска | „Развојната помош како дел од билатералните односи меѓу Соединетите Американски Држави и Република Северна Македонија“ | „The Foreign Aid as Part of the Bilateral Relations between the United States of America and the Republic of North Macedonia“ | Проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска, Проф. д-р Васко Наумовски (ментор) и Проф. д-р Милена Апостоловска Степаноска | 01.07.2022 година | 02-738/61 |

Скопје, 01.07.2022 година

**ДЕКАН**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски**

**Изработил: м-р Илија Манасиев,советник за студенткси прашања**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ЕВАЛУАЦИЈА НА РИЗИК-ФАКТОРИ ЗА ПРЕКАНЦЕРОЗНИ СОСТОЈБИ КАЈ ПРОТЕТИЧКИ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТЕС“ ОД Д-Р ВЛОРА Л. БЕРИША, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 7.6.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Влора Л. Бериша со наслов: ЕВАЛУАЦИЈА НА РИЗИК-ФАКТОРИ ЗА ПРЕКАНЦЕРОЗНИ СОСТОЈБИ КАЈ ПРОТЕТИЧКИ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТЕС, во состав: проф. д-р Билјана Капушевска (претседател), проф. д-р Гордана Ковачевска (ментор), проф. д-р Весна Коруноска Стевковска (член), проф. д-р Јадранка Бундевска (член) и проф. д-р Никола Гиговски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Влора Л. Бериша, со наслов: „Евалуација на ризик-фактори за преканцерозни состојби кај протетички пациенти со дијабетес“, содржи 194 страници комјутерски обработен текст во фонд Times New Roman, со единечен проред и големи букви 12, со 232 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во осум глави, од кои првата и последната се вовед и користена литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, **првата глава** од докторската дисертација, изложени се предметот и целите на истражувањето, истражувачките прашања, како и теоретската рамка на истражувањето. Тука, кандидатката става акцент на premалигните лезии и малигниот потенцијал на сите видови орални лезии кој не може да се предвиди само врз основа на нивните клинички карактеристики. Авторката укажува дека малигната трансформација ја има како почетна точка нормалната слузница изложена на различни фактори на ризик, со прогресивна модификација на различни подтипови на орални потенцијално малигни нарушување. Хроничната изложеност на тутун и злоупотребата на алкохолот се едни од главните фактори на ризик кои ја менуваат генетската стабилност на кератиноцитите на оралната мукоза. Еден од најважните фактори на ризик се лошо поставените протетички надоместоци кои може да бидат извор на долготрајна иритација и воспаление. Дијабетес мелитус предизвикува многу имунолошки и метаболитички промени во оралната мукоза, а новите докази сугерираат дејка пациентите со дијабетес мелитус покажуваат повеќе преканцерозни лезии кои водат до орален карцином. Ова научно истражување дава соодветен придонес во разјаснувањето на улогата на ризик-факторите во појавата на преканцерозни и канцерозни промени во усната празнина кај протетички пациенти со дијабетес.

**Втората глава** од докторската дисертација, прикажува **преглед на научните достигнувања поврзани со предметот на истражување** и тука се анализираат податоците од научната литература. Во неа кандидатката ја

потенцира важноста на овјективната клиничка и Велскоп анализи на меките орални ткива со инструмент наменет да му помогне на стоматологот во раното откривање и дијагностицирање на премалигните орални лезии. Прикажана е научната еволуција на клиничките и користењето на концептот на ткивна автофлуоресценција за рана дијагноза на диспластични лезии во усната шуплина. Во оваа глава, кандидатката дава опширен приказ на детектирањето на орални промени кај дијабетичните протетички пациенти, вклучувајќи преканцерозни состојби, влијанието на нивниот протетички третман и метаболичката контрола врз оралното здравје, можната корелација помеѓу дијабетесот и оралниот премалигнитет и влијанието на оралното здравје и болеста врз квалитетот на животот. Особено внимание е посветено на досегашните научни сознанија од голем број истражувања на релевантни автори, користејќи ги искуствата на споменатите автори кои го испитувале влијанието на ризик-факторите за преканцерозни состојби кај протетички пациенти со дијабетес.

Во **третата глава** од докторската дисертација, образложени се поставените научни хипотези. Кандидатката ја потврдува нултата хипотеза на студијата дека пациентите со дијабетес се ризик-фактор за појава на орални преканцерозни лезии. Воедно ги потврдува и работните хипотези дека: не постои статистички значајна разлика дали пациентите со дијабетес се ризик-фактор за појава на орални преканцерозни лезии, кај испитаници со потврден ДМ постои меѓусебна корелација помеѓу дијабетесот како ризик-фактор, како и ризик-факторите за појава на дијабетесот во појавата на оралните преканцерозни лезии кај пациенти со протетичка рехабилитација, кај испитаници со потврден ДМ постои меѓусебна корелација помеѓу дијабетесот како ризик-фактор, како и ризик-факторите за појава на дијабетесот во појавата на оралните преканцерозни лезии кај пациенти без протетичка рехабилитација.

**Четвртата глава** од студијата ги презентира **применетите научни методи и начинот на работа** и тука кандидатката целосно го објаснува методолошкиот пристап за реализација на поставените цели. Главата започнува со наведување на применетите методи за опсервациско-трансверзална (вкрстена) епидемиолошка студија, изведена на експериментална и контролна група на испитаници, користејќи прашалници за општо здравје, дентален и пародонтален статус, за фактори на ризик поврзани со оралното здравје и прашалник за утврдување на влијанието на оралното здравје врз општото здравје (OHIP-49). Во понатамошниот дел се објаснети начинот за нивна поделба во групи според евалуацијата на скрининг преглед според препораките на СЗО за испитување на промени на оралните меки ткива и екстраорални промени. Во третиот дел, детално е објаснет методот на евалуација со неинвазивниот превентивен скрининг VELscope VX®систем, кај сите испитаници за да се детектираат промени во природната флуоресценција на оралните ткива или таканаречената флуоресцентна визуелизација на меките орални ткива. На крајот е презентирана статистичката анализа на добиените резултати, направена со помош на статистичката програма Statistica 7.1 for Windows и SPSS Statistics 25. Во статистичката анализа се наведени употребените тестови за одредување на статистичката значајност на сериите со нумерички белези: вкупна тотална вредност, вкупна просечна вредност, просечна вредност (Просек; Стд. Дев.; ±95,00%КИ; Медијана, Сума, Минимум; Максимум), дистрибуцијата на податоците тестирана е со: Kolmogorov-Smirnov тест; Lilliefors тест; Shapiro-Wilks тест (p), разликата во просечната вредност на квалитетот на живот и орално здравје кај испитаниците тестирана е со Analysis of Variance (F/p)

/ Post-hoc/LSD Test и t-тест за независни примероци (t/p), за меѓугрупните разлики и за утврдување на предиктивните вредности на испитаниците Mann-WhitneyU тест (Z/p), Binary Logistic Regression /(Exp(B)/95% C.I.for EXP(B)/ p /.

Во **петтата глава** се прикажани **резултатите** од истражувањето направено во рамките на докторската дисертација, како и нивното значење. Добиените податоци се анализирани, статистички обработени и прикажани на 155 табели и 101 слика. Во првото поглавје се презентирани дескриптивните статистички анализи: социо-демографските карактеристики на експерименталната (пациенти со дијабетес) и на контролната група (недијабетични пациенти), како и дистрибуција на пациентите според полот, возраста и степенот на образование. Во второто поглавје е прикажана статистичката анализа на средните вредности на параметрите за општата здравствена состојба на испитаниците кај експерименталната и контролната група. Во третото, четвртото, петтото и шестото поглавје се прикажани резултатите за влијанието на ризик-факторите, денталниот статус, видот на протетичка рехабилитација и профилот за влијанието врз оралното здравје, направена е и статистичка анализа на клиничките вредности добиени со евалуација на преканцерозните орални лезии кај протетички пациенти со дијабетес. На крајот на главата е графички прикажана проценката и Велскоп-анализата со евалуација на орална мукоза и меки ткива.

Во **шестата глава** се прикажани примената на резултати од истражувањето и можните насоки за натамошно истражување.

Во **заклучните согледувања**, т.е. во **седмата глава**, кандидатката ја заокружува докторската дисертација со систематизација и наведување на дванаесет конкретни заклучоци што ги содржат најзначајните аспекти од истражувањето. Наведени се и неколкуте ограничувања на научноистражувачката студија. Кандидатката ја потенцира клиничката релевантност на заклучоците, која се состои од влијанието на ризик-факторите, видот на протетичката рехабилитација врз квалитетот на живот и орално здравје на испитаниците со дијабетес и можноста од примена на сознанијата на истражувањето во клиничките протоколи во секојдневната клиничка пракса на VELscope-инструментот како составен дел на годишните редовни прегледи и скрининг-прегледи, како дополнителна алатка со цел за рано откривање на потенцијално малигните промени, кои можеби не се видливи со голо око.

Во **осмата глава** е даден **список на користена литература,** која авторката ја користела во идејата и оформувањето на овој труд. Користена е современа и релевантна научна литература. Посочени се 232 референци, повеќето со понов датум на објавување од страна на авторитетни научни имиња и во реномирани меѓународни научни списанија.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување е анализа на влијанието на ризик-факторите и видот на протетичката рехабилитација врз квалитетот на живот и орално здравје на испитаниците врз појавата на премалигни орални лезии кај протетички пациенти со дијабетес.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Подрачјето во кое е работен овој труд претставува актуелна тема која ќе се рефлектира на научната и клиничката вредност и апликативност. Спроведените истражувања во студијата се прават за прв пат во нашата земја и ќе дадат значаен придонес во развојот на научноистражувачката мисла за оваа проблематика не само кај нас, туку и пошироко. Резултатите од ова истражување ќе бидат основа на база на податоци кои ќе се надградуваат со нови истражувања за добивање на нови научни сознанија за влијанието на ризик-факторите врз појавата на преканцерозни промени во оралната празнина и нивното влијание врз квалитетот на живот кај протетички пациенти со дијабетес.

**Краток опис на применетите методи**

Во оваа студија, ин виво испитувањето е извршено кај 120 испитаници поделени во две групи: експериментална група од 90 испитаници со дијабетес, поделени во две подгрупи: со протетичка рехабилитација и без протетичка рехабилитација и контролна група од 30 испитаници без дијабетес. Кај сите испитаници, анамнестичките податоци за состојбата на општата здравствена состојба (медицинска историја) и состојбата на оралното здравје (дентална анамнеза) се евидентирани во прашалник. За испитуваната група беше подготвен прашалник за да се евидентира времетраењето на болеста, типот на дијабетес, вредностите на гликолизиран хемоглобин (HbA1c), какви било поголеми компликации, орални манифестации на дијабетес и тип на терапија за дијабетес. Пациентите беа категоризирани во 3 групи според просечните регистрирани вредности на HbA1c. Вториот (клинички) дел од истражувањето е извршен со спроведување на скрининг-преглед според препораките на СЗО за испитување на промени на оралните меки ткива и екстраорални промени. Во третиот дел, кај сите испитаници беше изведен неинвазивен превентивен скрининг-систем со апарат VELscope VX®, за да се детектираат промени во природната флуоресценција на оралните ткива или таканаречената флуоресцентна визуелизација на меките орални ткива.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Од добиените резултати од ова испитување можеме да заклучиме дека пациентите со ДМ имаат повисока преваленца на орални мукозни промени од контролните субјекти и дека постои многу значајна разлика помеѓу различните типови на протетичка рехабилитација и присуството на една или повеќе мукозни промени. Заклучно, во однос на факторите на ризик, постои многу значајна разлика помеѓу пушењето, квалитетот на животот и оралното здравје на испитаниците, со p-вредност од 0,00. Стоматолошкиот статус има огромно влијание врз квалитетот на животот и оралното здравје на испитаниците со дијабетес. Испитаниците со тотална или парцијална беззабност имаат понизок квалитет на живот и орално здравје од испитаниците со полн дентален лак.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката д-р Влора Латиф Бериша, со наслов ,,Евалуација на ризик-фактори за преканцерозни состојби кај протетички пациенти со дијабетес“, претставува истражување во областа на стоматолошката протетика. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да го процени влијанието на ризик-факторите за преканцерозни состојби кај протетички пациенти со дијабетес, квалитетот на животот и оралното здравје на испитаниците дијабетичари. Научниот придонес на дисертацијата е во расветлувањето на улогата на годишните редовни прегледи и скрининг-прегледи со VELscope-инструмент, кој може многу да придонесе за секојдневната клиничка пракса како дополнителна алатка. Научните сознанија од дисертацијата имаат потенцијал за успешна клиничка примена со цел за рано откривање на потенцијално малигните промени, кои можеби не се видливи со голо око, како предуслов за долг живот и добро орално здравје.

**Докторската дисертација на кандидатката д-р Влора Латиф Бериша, со наслов: „Евалуација на ризик-фактори за преканцерозни состојби кај протетички пациенти со дијабетес“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.**

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

**Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:**

1. Berisha V, Kovacevska G. Diabetes Type 2 and Oral Changes: A Comparison of Diabetic and Non-Diabetic Prosthodontic Patients. International Journal of Science and Research (IJSR)ISSN: 2319-7064SJIF (2022): 7.942 Volume 11 Issue 4, April 2022www.ijsr.net
2. Berisha V, Kovacevska G, Trpevska V. RISK FACTORS IN DIABETIC PROSTHODONTIC PATIENTS FOR PRECANCEROUS CONDITIONS. Macedonian Dental Review. ISSN 2545-4757, 2019; 42 (4): 138-142.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**Главни научни придонеси на кандидатката**. Резултатите од ова истражување на ризик-факторите за преканцерозни состојби кај протетички пациенти со дијабетес и влијанието на протетичката рехабилитација врз врската помеѓу дијабетесот и оралните преканцерозни лезии, очекуваме дека ќе дадат придонес како параметар за најновите промени и тенденции за подобрување, односно влошување на оралното здравје и начинот на кој оралното здравје влијае на општата здравствена состојба кај пациенти со дијабетес.

**Подрачје на примена и ограничувања.** Податоците од литературата, надополнети со сопствени истражувања, даваат можност за унапредување на примената на VELscope-инструментот кој може многу да придонесе во секојдневната клиничка пракса како дополнителна алатка за рано откривање на потенцијално малигни промени, кои можеби не се видливи со голо око. Евалуирајќи го влијанието на ризик-факторите врз појавата на преканцерозни состојби кај протетички пациенти со дијабетес, преваленцата на промените на оралната лигавица, како и влијанието на различните типови на протетичка рехабилитација со присуство на една или повеќе мукозни промени, укажува на постоење корелација помеѓу нив.

**Можни понатамошни истражувања.** Во оваа студија се содржани релевантни податоци и факти, за влијанието на ризик-фактори за преканцерозни состојби кај протетички пациенти со дијабетес, со што ќе бидат разрешени многу дилеми кои ги имаат докторите по дентална медицина, дали протетички рехабилитираните пациенти со дијабетес ќе бидат третирани на ист начин како и другите пациенти или треба да се препорача посебен протокол за протетичка рехабилитација и контрола во пострехабилитациониот период. Употребата на VELscope-инструментот во секојдневната пракса од страна на искусни лекари како составен дел на годишните редовни прегледи и скрининг-прегледи ќе обезбеди квалитет на живот поврзан со општата здравствена состојба и оралното здравје кај протетички пациенти со дијабетес. Воедно, очекуваме дека резултатите од оваа студија ќе имаат и важен научен придонес и ќе бидат мотив повеќе за истражување на оваа тема.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Влора Л. Бериша со наслов ,,Евалуација на ризик-фактори за преканцерозни состојби кај протетички пациенти со дијабетес“.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Билјана Капушевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Ковачевска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Весна Коруноска Стевковска, член, с.р.**
**Проф. д-р Јадранка Бундевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Никола Гиговски, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

## На теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје на седницата одржана на 07. 07. 2022 година

| Кандидат | Тема | Ментор | Одлука од Научен совет |
|---|---|---|---|
| Д-р Рената Стефанова | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** ,,Проценка на релацијата помеѓу ортодонтските неправилности во антеропостериорен правец и постуралниот статус на стапалата кај деца”.<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** ,,Assessment of the relation between orthodontic anteroposterior irregularities and the foot posture in children ”. | Проф. д-р Наташа Тошеска Спасова | Бр. 02-1876/1 од 7. 7. 2022 |
| Д-р Михаела Петровска | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** ,,Корелација меѓу overjet-от, аголот ANB и анализата по Wits во проценката на сагиталните скелетни односи”.<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** ”Correlation of overjet, ANB angle and Wits appraisal for assessment of sagittal skeletal relationships”. | Проф. д-р Билјана Ќипунова | Бр. 02-1875/1 од 7. 7. 2022 |
| Д-р Моника Даштевска | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** ,,Проценка на денталната возраст со методите на Demirjian и Nolla кај македонска популација на возраст од 6-16 години”.<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** ”Dental age estimation by Demirjian's and Nolla's method in macedonian population aged 6-16 years old ” | Проф. д-р Билјана Ќипунова | Бр. 02-1874/1 од 7. 7. 2022 |

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

### 2. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Д-р Анета Терзиевска | Евалуација на влијанието на втората генерација тромбоцитно збогатен фибрин – PRF при мекоткивните аугментативни хируршки процедури | Evaluation of the effectiveness of the second generation platelet rich fibrin – PRF in soft tissue augmentative surgical procedures | Проф.д-р Даниела Велеска Стевковска | 7.7.2022 02-1582/3 |
| 2. | Д-р Ставре Трајчуле-ски | Проценка на ефикасност и безбедност на втората генерација на автологни крвни деривати во презервација на коскениот и мекоткивниот квантитет и квалитет на постекстракционата алвеола | Efficiency and safety assesmengt of the second generation autologous blood derived products in the hard and soft tissue quantity and quality socket preservation | Проф.д-р Даниела Велеска Стевковска | 7.7.2022 02-1583/3 |
| 3. | Д-р Ана Гиговска | Компаративна студија на клинички и имунолошки параметри кај импактирани мандибуларни трети молари третирани со конвенционална и пиезорлрктрична хирургија | Comparative study of clinical and immunological parameters in impacted mandibular third molars treated with conventional and piezoelectric surgery | Проф.д-р Борис Величковски | 7.7.2022 02-1584/3 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ: „ДИЗАЈН И ОПТИМИЗАЦИЈА НА МЕМБРАНСКИ РЕАКТОР ЗА ТРЕТМАН НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ” ОД КАНДИДАТОТ М-Р ЕРХАН МУСТАФА, ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ**

Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на 3. седница одржана на 29.4.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Ерхан Мустафа со наслов: ДИЗАЈН И ОПТИМИЗАЦИЈА НА МЕМБРАНСКИ РЕАКТОР ЗА ТРЕТМАН НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ, во следниов состав: д-р Мирко Маринковски, ред. проф. (претседател), д-р Кирил Лисичков, ред. проф. (ментор), д-р Стефан Кувенџиев, вонр. проф. (член), д-р Дејан Димитровски, ред. проф. (член) и д-р Винета Сребренкоска, ред. проф. (надворешен член).

Комисијата во наведениот состав, внимателно ја разгледа и оцени пријавата и до Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ерхан Мустафа, со наслов ДИЗАЈН И ОПТИМИЗАЦИЈА НА МЕМБРАНСКИ РЕАКТОР ЗА ТРЕТМАН НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ, содржи 137 страници компјутерски обработен текст во фонт *Georgia*, со 1,15 проред и големина на букви 12. Во доктроската дисертација се опфатени следниве поглавја: Вовед, Теоретски дел, Експериментален дел, Резултати и дискусија, Заклучок и Литература.

Во **воведот**, кандидатот прецизно и аргументирано ги образложува целите на истражувањето и важноста на проблемот, како од теоретски, така и од практичен аспект. Во современото, модерно општество, сѐ повеќе станува актуелна проблематиката на третман на отпадните води. Одржливиот развој на сепарационите процеси ја наметнува потребата од развој на современи мембрански технолгии, кои ќе се користат за добивање на ефлуент со висок квалитет. Според IUPAC-дефиницијата, мембрански реактор е тип на реактор во кој симултано се одвива реакција и се користат мембрани за одделување на добиениот продукт. Терминот мембрански биореактор (МБР) претставува спој на биохемиски процес за елиминација на полутантите и примена на мембрански сепарациони процеси за одделување на третирана вода во одреден процес. МБР како процес се разликува од терцијарниот третман на класичните системи за пречистувањето на отпадни води. Ваквиот тип на третман на водните ресурси со примена на мембрански процеси претставува технолошка надградба на класичните системи за третман на отпадна вода, при што се користи суспендирана форма на активна мил.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Теоретски дел“. Во неа е дадена споредбена анализа помеѓу класичните системи за третман на отпадни води и мембранските биореактори и, воедно, посочено е дека со примена на мембрански биореактор се надминуваат оперативните недостатоци кои настануваат при користењето на класичните системи за третман на отпадни води. Староста на милта изразена во денови (SRT), како вредност и параметар, може да се оддели од времето на хидраулично задржување на водата во реакторот (HRT) и за разлика од класичните системи, квалитетот на

пречистената вода во МБР не зависи од концентрацијата или карактеристиките на активината мил.

Во оваа глава, главен акцент е ставен на достапните мембрански системи и видовите на материјали кои се користат во нивното производство. Обработени се постоечките мембрански конфигурации кои се користат во сепарациони процеси, односно конфигурациите на мембрани со рамни плочи (FS), шупливи влакна (HF), повеќецевен мембрански систем (МТ), конфигурацијата на капиларни цевки (CT), филтер касета (FC) и спирални мембрани (SW). Од дадените конфигурации истакнато е дека првите три се соодветни за технологијата на МБР. Притоа, анализирани се и работните параметри на мембраните кои треба да се определат и да бидат под критичниот проток, односно да се дефинирани како супкритични работни параметри. Супкритичните работни параметри се дефинираат како работен проток на мембраната каде не се создаваат наслаги (депозити) од колоидни материи на површината на една мембрана и каде транс мембранскиот притисок е стабилен. Дефиниран е концептот на филтрациониот отпор на една мембрана, која зависи од материјалот од кој е изработена мембраната, димензиите на порите и порозноста на мембраната. Воедно, анализиран е и отпорот на мембраната во МБР, кој потекнува од создадените наслаги на површината на мембраната и истиот зависи од карактеристиките на мембраната, материите кои се филтрираат во процесот и составот на влезниот напој. Во оваа глава, обработени се и карактеристиките на комуналната отпадна вода, која се користи како работна суровина во мембранскиот реактор.

Даден е литературен преглед на аналитичките методи кои се користат за карактеризација на мембраните, отпадната вода и добиениот мембрански ефлуент, при што особено внимание посветено е на спектрофотометрија, скенирачка електронска микроскопија (SEM) и живина порозиметрија.

**Втората глава** е насловена „Експериментален дел“. Предмет на ова истражување е дизајнирање и конструирање на мембрански биореактор за третман на урбани оптадни вода. За реализација на поставената цел, дизајнирани се два типа на лабораториски субмерзни мембрански модули, односно мембрански модул конструиран со примена на керамичка мембрана (Silicium Carbid) и мембрански модул од органска (PES) мембрана. Користените мембрани се асиметрични, во вид на рамни плочи и димензии на пори од 0,1 μm до 0,01 μm и припаѓаат на мембрани со карактеристика на пори од областа на ултрафилтрација.Во рамките на ова истражување се испитуваат следните работни параметри: пермеабилните карактеристики на дизајнираните мембрански модули, трансмембранскиот притисок (ТМП), видот на влезниот раствор (напој), влијанието на почетната pH-вредност на напојот, работната температура, хемиската потрошувачка на кислород (ХПК) на ефлуентот, матноста (турбидитетот) и отпорот на мембраната кон процесот на мембранска филтрација.

Модулите се дизајнираните со употреба на керамичка и полимерна мембрана кои имаат димензии на пори од 0,1 μm до 0,01 μm, односно се во подрачјето на ултрафилтрација. На дизајнираните мембрански модули им се одредува влијанието на работните параметри, а со цел за понатамошна оптимизација на студираните процеси, и согласно со тоа изведени се:

- дизајнирање и оптимизација на систем за континуирана филтрација во еден правец;

-дизајнирање на лабораториски МБР, кој е составен од биолошки дел и мембрански реактор.

За испитување на пермеабилноста на мембраните користена е вода добиена по пат на реверзна осмоза и вода добиен од централниот водовод (реален систем). За студирање на дизајнираниот мембрански реактор се користат моделни симулирани раствори на урбана отпадна вода, а за тестирање на реален систем се користи отпадна вода од аеродромски терминали. Мембранските модули кои се користат за испитување и дизајнирање на МБР, изработени се од плексиглас и во нив сместени се работните мембрани кои имаат активна површина од 0,11 $m^2$. За дозирање на влезниот напој во МБР се користат перисталтички дозирни пумпи со различен проток. Активната мил од мембранскиот дел континуирано се рециркулира. Во дизајнираниот систем обезбедена е регулација на количината на рециркулирана мил која се реализира со помош на перисталтичка пумпа. Биолошкиот дел од МБР е под посебен режим на работа, каде што за аерацијата на системот се користат дифузери за фина аерација и ниско притисна дувалка. Тој е поврзан со делот каде што се поставени мембранските модули и заедно се една функционална целина (МБР). Протокот на воздух кој се користи за аерација се регулира посебно за биолошкиот реактор и мембранските модули. За испитување на пропустливоста на мембраните, се подготвуваат моделни (симулирани) раствори.

**Третата глава** е насловена „Резултати и дискусија“. Во овој дел, истражувани се пермеабилните карактеристики на дизајнираните мембрански модули и утврдени се максималните протоци низ мембраните. Определено е влијанието на квалитативниот состав на влезната вода врз работниот трансмембрански притисок (ТМП). Воедно, анализиран е и составот на урбаната отпадна вода која е работната матрица во процесот за третман со дизајнираниот мембрански реактор. Определени се излезните вредности на ефлуентот, ХПК и турбидитет, како излезни параметри на пречистената вода и проценета е ефикасноста на дизајнираниот систем. За да се обезбеди стабилен работен ТМП и континуиран процес на пречистување на отпадната вода, оптимизирани се циклусите на филтрација и релаксација на мембраната. Во овој дел, дефинирано е влијанието на аерација и температурата на дизајнираните и конструираните мембрански модули. Определена е ефикасноста на дизајнираниот и конструираниот мембрански реактор, и влијанието на следните работни параметри: пермеабилни карактеристики на дизајнираните мембрански модули, трансмембрански притисок (ТМП), влијанието на почетна pH-вредност на напојот, работната температура, хемиската потрошувачка на кислород (ХПК) на ефлуентот, матност (турбидитет) и отпорот на мембраната кон процесот на мембранска филтрација. За оптимизација на работните параметри на испитуваниот мембрански реактор, користена е моделна (симулирана) отпадна вода која има карактеристики на реален систем. Притоа, утврдено е дека керамичката мембрана покажува подобри пермеабилни карактериситики од полимерната мембрана и истата е користена во МБР кој работи во реални услови, односно направен е трансфер (scale up) на лабараторискиот мембрански реактор во полуиндустриска постројка за студирање со отпадна вода од аеродромски терминал.

Во **заклучокот**, претставени се клучните согледувања за секоја фаза поодделно. Формулирани се интегрални сознанија од спроведените експериментални истражувања, кои претставуваат верификација на соодветно поставените цели на истражувањето во рамките на оваа докторска дисертација.

Списокот на **литература** користена при изработка на докторската дисертација вклучува 302 референци кои припаѓаат на потесното подрачје на дисертацијата. Најголемиот дел од приложените библиографски единици се научни трудови од релевантни меѓународни списанија од понов датум.

**Предмет на истражувањето**

Предмет на ова истражување е дизајнирање и конструирање на мембрански биореактор за третман на урбани отпадни води. За реализација на поставената цел, дизајнирани се два типа на лабораториски субмерзни мембрански модули, односно мембрански модул конструиран со примена на керамичка мембрана (Silicium Carbid) и мембрански модул од органска (PES) мембрана. Користените мембрани се асиметрични, во вид на рамни плочи и димензии на пори од 0,1 μm до 0,01 μm и припаѓаат на мембрани со карактеристика на пори од областа на ултрафилтрација.Во рамките на ова истражување се испитуваат следните работни параметри: пермеабилните карактеристики на дизајнираните мембрански модули, трансмембранскиот притисок (ТМП), видот на влезниот раствор (напој), влијанието на почетната pH-вредност на напојот, работната температура, хемиската потрошувачка на кислород (ХПК) и матноста (турбидитетот) на ефлуентот и отпорот на мембраната кон процесот на мембранска филтрација.

Ова истражување ги дефинира пермеабилните карактеристики на субмерзни мембрански модули дизајнирани со примена на различни типови на мембрани од органско и неорганско потекло. Еден од најголемите проблеми во користење на мембранските сепарациони процеси е редукција на протокот на ефлуентот, кој настанува поради создавање на наслаги на површината на мембраната и запушување на порите, со што ефективната површина на филтрација се намалува. Овој феномен е познат под терминот *membrane fouling*, односно акумулирање на непосакувани материјали на површина на мембраната. Индикатор на овој процес е промената на трансмембранскиот притисок. Притоа работниот мембрански притисок се оптимизира во насока на добивање на констатна количина на пермеат. Во ова истражување се дефинираат супкритичните вредности на работните параметри, при кои не се создаваат наслаги (депозити) од колоидни материи на површината на мембраната. Воедно, се испитуваат влезно-излезните карактеристики на истражуваните водни ресурси, односно биохемиската потрошувачка на кислород (БПК$_5$), ХПК и турбидитетот. Со таа цел се анализира влијанието на аерацијата, температурата и ефектот на времетраењето на филтрацијата и релаксацијата на мембраните врз стабилноста на ТМП и работата на дизајнираните модули. Користејќи ги овие податоци се изведува трансфер (scale up) на лабораторискиот мембрански реактор во полуиндустриска постројка која работи како реален систем.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Со развојот на современите мембранско - сепарациони процеси, примената на различни типови на мембрани за третман на отпадни води е се поголема. Еден од најголемите постоечки проблеми кај мембранските биореактори е намалување на пермеабилноста на мембраната. Ефикасноста на мембраните е од важно значење за нивната употреба. Во овој труд се определува (истражува) начинот на работа на мембраните кои се имплементирани во дизајнираните мембрански модули, нивните карактеристики и условите во кои се одвива мембранската сепарација. Добиените резултати, покрај научниот придонес, имаат значаен апликативен придонес, односно истите се применуваат за

конструирање на полуиндустриска постројка, која преставува типичен пример на прецизна процесна технологија од зеленото процесно инженерство. Податоците добиени од мембрани кои се произведени од различни видови на материјали и кои работат како субмерзни модули во МБР, се основа за правилно дизајнирање и третирање на урбана отпадна вода со помош на мембрански биореактор. Посебно треба да се потенцира фактот дека вака дизајнираниот мембрански реактор имплементира во себе симултано одвивање на секундарен и терцијарен третман на отпадната вода.

**Краток опис на применетите методи**

Методологијата на истражувањето ги вклучува дизајнирањето и конструкцијата на мембранските модули со мембрани од органско и неорганско потекло со димензии на пори од 0,1 μm до 0,01 μm. Притоа, како работни флуиди за испитување на пермеабилните карактеристики на горенаведените мембрански модули кои понатаму се користат во МБР третманот на отпадни води, се употребуваат следните водени раствори: раствор кој е добиен со обратна осмоза од полуиндустриска постројка (pilot-plant) и вода од градски водовод (реален систем).

За студирање на дизајнираниот мембрански реактор се користат моделни (симулирани) раствори на урбана отпадна вода, а за тестирање на реален систем се користи отпадна вода од аеродромските терминали. За одредување на хемиските карактеристики на користените раствори, отпадната вода и добиениот ефлуент, користен е спектрофотометар кој работи во опсег на видливата и ултравилетовата светлина. Морфологијата на применетите мембрани, анализирана е со користење на скенирачка електронска микроскопија (SEM), додека за испитување на мембранските пори, користен е живин порозиметар.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Врз база на добиените резултати од испитувањето на пермеабилните карактеристики на студираните мембрански модули, може да се согледа следното:

- Од карактеризацијата на мембранските елементи, која беше направена со SEM и живин порозиметар, утврдено е дека мембраните имаат димензии на пори кои се во опсегот на ултрафилтрација. Керамичката мембрана е со димензии на пори од 0,09 μm, додека полимерната мембрана има пори со димензии од 0,04 μm.
- Дизајнираните и конструираните мембрански модули за лабораториско тестирање на различните видови мембрани, покажаа специфичен трансмембрански флукс кој што е соодветен за процесите на третман на отпадни води. Отпадната вода која се третира дава стабилни трансмембрански вредности во одредени филтрациони временски интервали. Релаксацијата на мембраната е од клучно значење за одржување на стабилен трансмембрански притисок.
- Со примена на дизајнираните мембранските модули се добива ефлуент со намалено органско оптоварување и низок турбидитет. Воведувањето на аерацијата на модулите ја намалува флуктуацијата на вредностите на ТМП и позитивно влијае на големината на пермеабилните карактеристики на модулите. Температурата на водата има значително влијание на дизајнот на МБР, односно на мембранската површина која е потребна за сепарација на активната мил од третираните отпадни води.

- Дизајнираните лабораториски мембрански модули, покажаа пермеабилни карактеристики кои се соодветни за примена во мембрански реактори. Со примена на еднонасочна мембранска филтрација, турбуленцијата која се создава на површината на мембраната има позитивно влијание на оперативната пермеабилност на модулите. Воедно, може да се заклучи дека концентрацијата на поларизација е битен фактор за пропустливоста на мембраната, а високите концентрации на соли негативно влијаат врз пропустливоста на мембраните.

- Во третманот на отпадни води, испитуваната керамичка мембрана поседува подобри перемабилни карактеристики од полимерната мембрана. Ефикасноста во редуцирањето на влезно-излезните вредности на биохемиските параметри на симулираните раствори и кај двете мембрани, изнесува повеќе од 90 %, што е соодветна инженерска и оперативна верификација за успешноста на конструираниот систем за третман на урбани отпадни води.

- Мембранската филтрација со режим на работа 8/2, односно каде што има подолг период на релаксација на мембраната, споредбено со филтрациониот режим 9/1, покажува помали промени во вредностите на ТМП.

-Добиените резултати од лабораториските испитувања се имплементирани за дизајнирање на мембранска пилот-постројка за третман на урбани отпадни води. Од аспект на студираните сепарациони процеси, периодот на филтрацијата и релаксацијата на мембранските елементи се од исклучителна важност за постигнување и одржување на стабилни вредности на ТМП, а со тоа се предмет на процесна оптимизација.

- Испитуваната отпадна вода од аеродромскиот терминал одговара на високо оптоварена комунална отпадна вода која потекнува од урбани комерцијални објекти. Количеството на отпадна вода изнесува 16,68 l/патник и таа одговара на литературните податоци кои се движат од 11-19 l/патник. Сепак, во составот на отпадната вода, можат да се видат високи концентрации на некои од конституентите кои се од променлив карактер, со што се гледа главната разлика помеѓу комунална фекална отпадна вода и вода кој потекнува од комерцијален урбан објект. Соодносот на ХПК и $БПК_5$ е соодветен за имплементација на секундарен биолошки третман на отпадната вода.

- Отпадната вода која потекнува од аеродромски терминал ефикасно се третира со користење на мембрански биореактор. Вредностите на ХПК во влезната отпадна вода се редуцираат за повеќе од 90 %, додека на $БПК_5$ за повеќе од 95 %.

- Добиениот ефлуент од мембраните е со турбидитет помал од 0,5 NTU и одговара на вредностите на водите кои можат да се користат за технички цели и наводнување.

- Примената на мембрански биореактор е современа технологија која може да се користи во третманот на урбани отпадни води. Дизајнот на мембранскиот дел, изборот на типот и конфигурацијата на мембраната и оперативната стратегијата која се користи за процесот на филтрација како една целина, влијаат на ефикасноста на дизајнираниот МБР.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ерхан Мустафа, со наслов: ДИЗАЈН И ОПТИМИЗАЦИЈА НА МЕМБРАНСКИ РЕАКТОР ЗА ТРЕТМАН НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ, претставува истражување од областа на хемиското процесно инженерство и <u>инженерството на животната средина</u>. Изработката на оваа докторска дисертација има за цел да се развијат нови мембрански

технологии кои ќе се користат за дизајнирање на мембрански реактори. Оваа технологија претставува прецизна, процесна екотехнологија која обезбедува максимална профитабилност со минимално еколошки прифатливо влијание врз животната средина, што е во согласност со концептот на зеленото процесно инженерство. Мембранските модули се дизајнирани со примена на полимерни и керамички мембрани, со цел да се постигне максимална ефикасност во процесот на третман со суспендирана активна мил, при што во еден уред се одвиваат неколку симултани сепарациони процеси. Добиените резултати, покрај научниот придонес, имаат значаен апликативен придонес, односно истите се применети на полуиндустриска постројка, која претставува типичен пример на прецизна процесна технологија од зеленото процесно инженерство.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ерхан Мустафа со наслов: ДИЗАЈН И ОПТИМИЗАЦИЈА НА МЕМБРАНСКИ РЕАКТОР ЗА ТРЕТМАН НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за одбрана на докторскиот труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како автор/коавтор) следниве трудови:

[1]. E. Mustafa, K.Atkovska, S.Kuvendziev, M. Marinkovski, K. Lisichkov, Performance evaluation of polymeric membrane permeability characteristics using different aqueous solutions, Quality of Life (2021) , 12 (3-4), 93-103.

[2]. E. Mustafa, K. Lisichkov, M. Marinkovski, S. Kuvendziev, Z. Bozinovski, A. Radevski, Characterisation of wastewater from Urban Commercial Building, Knowledge –International Journal, 2018 (22.4), 1007-1011.

[3]. E. Mustafa, M. Marinkovski, S. Kuvendziev, Z. Bozhinovski, K. Lisichkov, Characteristics and management of excess sludge generated in treatment of wastewater from a commercial object, Knowledge-International Journal, 2017 (19.4), 1757-176.

[4]. E. Mustafa, K. Lisichkov, M. Marinkovski, S. Kuvendziev, Z. Bozinovski, K. Atkovska, S. Jakupi, Qualitative and quantitative characterization of the wastewater from airport terminals, 39th International Conference Vodovod i Kanalizacija ’18, Proceedings ,2018, 291-29.

[5]. K. Lisichkov, E. Mustafa, T. Anovski, Z. Bozinovski, S. Kuvendziev, M. Marinkovski, D. Dimitrovski, Application of membrane separation processes for wastewater treatment from airport terminals, “Pollution of the cities in the Republic of Macedonia: what are the solutions?”, Macedonian Academy of Sciences and Arts, Research center for environment and materials, Proceedings, 2019, 297-309.

[6]. E. Mustafa, K. Lisichkov, M. Marinkovski, S. Kuvendziev, Z. Bozinovski, Study of influence of process parameters on the ceramic membrane module permeability for different aqueous solutions, V International Congress Engineering, Environment and Materials in Processing Industry, Proceedings, 2017, 145-154.

[7]. E. Mustafa, I. Selim, K. Lisichkov, M. Marinkovski, S. Kuvendziev, Z. Bozinovski, A. Radevski, S. Jakupi, Application of zero emission concept in the wastewater treatment by membrane bio-reactor, 38th International Conference Vodovod i Kanalizacija ’17, Proceedings, 2017, 340-345.

[8]. E. Mustafa, K. Lisichkov, M. Marinkovski, S. Kuvendziev, Z. Bozinovski, Novel Trends in Wastewater Treatment by Using Membrane Bioreactors, V International Conference “Ecology of Urban Areas 2016”, Proceedings, 2016, 124-129.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главниот научен придонес на докторската дисертација е дизајн и оптимизација на мембрански биореактор со примена на мембрани од органско и неорганско потекло за третман на урбана отпадна вода од аеродромски терминали. Притоа, анализирани и оптимизирани се вредностите на работните параметри на мембранските модули и влијанието на влезните карактеристики на работните суровини врз студираниот процес на мембранска филтрација.

Податоците добиени од спроведените експериментални истражувања, базирани на дефинираните мембрански процеси, се успешно применети за дизајн на соодветни субмерзни модули, интегрирани во мембрански биореактор за третман на урбана отпадна вода од реален систем-аеродромски терминал. Посебно треба да се потенцира фактот дека вака дизајнираниот мембрански реактор имплементира во себе симултано одвивање на секундарен и терцијарен третман на отпадната вода.

Подрачјето на примена на оваа докторска дисертација е во областа на хемиското процесно инженерство и инженерството на животната средина со посебен акцент на управување со природните и отпадните водени ресурси.

Понатамошните истражувања можат да бидат насочени кон трансфер на овие технолошки постапки во пилот-постројки за третман на отпадни води од индустриско потекло. Со оглед на претходно наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Ерхан Мустафа со наслов: ДИЗАЈН И ОПТИМИЗАЦИЈА НА МЕМБРАНСКИ РЕАКТОР ЗА ТРЕТМАН НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Мирко Маринковски, редовен професор (претседател)**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Д-р Кирил Лисичков, редовен професор (ментор)**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Д-р Стефан Кувенџиев, вонреден професор (член)**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, с.р.**

**д-р Дејан Димитровски, редовен професор (член)**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје**

**д-р Винета Сребренкоска, редовен професор (надворешен член), Технолошко-технички факултет, УГД, Штип**

***Прилог бр. 4***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПОЕТИКАТА НА ТЕАТАРСКИОТ РЕЖИСЕР И ПЕДАГОГ ВЛАДИМИР МИЛЧИН“ ОД М-Р КРИСТИНА ЛЕЛОВАЦ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 31.5.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Кристина Леловац со наслов: „Поетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин“, во состав: проф. д-р Јелена Лужина (претседател), проф. д-р Ана Стојаноска (ментор), проф. д-р Сузана Киранџиска (член), проф. д-р Сашко Насев (член) и проф. д-р Игор Вецовски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Кристина Леловац, со наслов: „Поетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин“, содржи 392 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 360 фусноти, 259 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во шест глави, вовед и заклучни согледувања, поточно: *Вовед, Поставување на теоријата, Биографски податоци за Владимир Милчин, Преглед на творештвото на Владимир Милчин, Реконструкција на избраните претстави, Професорот: Анализа на педагошката работа на Владимир Милчин на Факултетот за драмски уметности – Скопје, Заклучни согледби и Прилози*. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Методологијата е направена според инструкциите од Правилникот за третиот циклус студии на УКИМ, во периодотот кога кандидатката ги започнува своите докторски студии.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека со ова истражување дава прецизен преглед на работата на еден од најзначајните театарски режисери и педагози кај нас. Бидејќи, како што наведува таа, „потребата да се истражува и пишува за театарското творештво на Милчин произлегува од потребата да се архивира, анализира и синтетизира придонесот на Милчин во и за театарот, кој е повеќеслоен и сеопфатен, какви што се и неговите интереси и приоди во работата.“ (Леловац, 9) Кандидатката потенцира дека во македонската театрологија досега не е комплетно и комплексно анализиран режисерскиот и педагошки опус на Милчин и покрај тоа што сосема коректно ги наведува имињата на сите досегашни негови истражувачи. Треба да истакнеме дека уште од самиот вовед, докторантката покажува дека материјалот го владее сеопфатно и коректно го има направено секој дел од даденото истражување. Бидејќи станува збор за импозантен режисерски и педагошки опус, треба да имаме предвид дека методологијата која му е иманентна на трудов се разликува од другите досегашни истражувања. Во воведот, докторантката дава преглед и на изборот на претстави што се реконструирани во процесот на докторското истражување (институционални и вонинституционални, во земјава и надвор од неа), како и на комплетниот негов педагошки ангажман. Докторантката м-р Кристина Леловац дава преглед и образложение на четирите работни хипотези од кои го почна своето

истражување. Тука треба да напоменеме дека во однос на предлог-проектот на докторската дисертација и во готовиот труд, докторантката ги следи сите назначени методолошки постапки и коректно ги има направено сите етапи на докторското истражување.

**Поставување на теоријата (2.)** е првото поглавје од кое почнува овој темелен, опширен и значаен докторски труд. Од 14 до 24 страница, кандидатката ја поставува теоријата на своето истражување, според современата и актуелна театролошка практика. Го детерминира поимот поетика во координација со насловот на нејзиниот труд, поимот режија, како и режисерски театар, според сите неопходни референци што на секој читател на трудот ќе му помогне во разбирањето на материјата, како и поимите експериментален театар (затоа што е водечки поим во една од хипотезите на трудот). Во ова поглавје се наведени и целите на истражувањето (2.1): дефинирање на иманентната поетика на В. Милчин како театарски режисер и утврдување на специфичните методи во педагошката работа на В. Милчин; методите на истражувањето (2.2.): интердисциплинарниот пристап, како што наведува авторката, што е типичен за новата театрологија, преку анализа, поврзување со соодветна теорија и синтеза на информациите и сознанијата за односот на авторот Милчин кон театарското дело во актуелниот општествен, политички и културен контекст. Кандидатката во ова поглавје го нагласува користењето на реконструкцијата на театарските претстави како примарно театролошки инструментариум со кој е направен главниот дел на докторското истражување; изворите (2.3) за истражувањето се наведени таксативно и прецизно, според правилата на театролошката наука. Од првото поглавје се гледа дека станува збор за комплексно истражуван обемен театрографски материјал и дека авторката е компетентна тој материјал да го систематизира, да го анализира и теориски да го елаборира според највисоките стандарди на науката.

**Биографски податоци за Владимир Милчин (3.),** од страница 25 до 27, е следното поглавје. Докторантката дава прецизен преглед на неговата биографија. Кога станува збор за истражување на една авторска поетика и естетика, посебно која не е истражувана прецизно низ годините, ниту пак е поставена во одредени научни рамки, истражувањето кое е темелно и конкретно, придонесува да се соберат сите биографски материјали на едно место. Затоа треба да се поздрави идејата на докторантката во процесот на истражување на поетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин да ги систематизира, да ги анализира и да ги детектира сите податоци од неговиот живот и творештво. Театрологијата во својата основа ја има и идејата за чување на театарската историја, како авторска, така и колективна, па со ова поглавје се одговара и на тој аспект на науката. Кандидатката прецизно ги наведува сите податоци, ги акцентира оние што се дел од понатамошното истражување, како и сите потребни елементи во процесот на согледување на комплексната слика на предметот на истражувањето.

Следното поглавје е насловено: **Преглед на творештвото на Владимир Милчин во и за театарот** (4.) На дваесет и четири страници (28-52), докторантката го презентира целокупното творештво на режисерот Владимир Милчин. Методолошки структурирано во седум потпоглавја (4.1. Театарски режии, 4.2. Режии на културни манифестации, 4.3. Испитни и дипломски претстави и гостувања на класите по актерска игра на ФДУ, 4.4. Награди и признанија, 4.5. Фестивали и гостувања, 4.6. Предавања и работилници, 4.7. Објавени текстови), ова поглавје покажува сопфатен преглед на авторската поетика, хронолошки маркирана и темелно театрографски обработена. Овие две поглавја се иницијалниот почеток на истражувањето, координиран во насока сите овие однапред наведени податоци да бидат базично искористени во процесот на истражување, а со самото тоа кандидатката покажува високо ниво на користење на

основниот театрографски материјал и способност тој да биде автентично искористен во сложените елементи на базичното истражување.

Најглавниот, најтемелниот и најважниот дел на ова докторско истражување е поглавјето насловено: **Реконструкција на избраните претстави (5.)** (стр. 53-246). Целокупниот опус на режисерот Владимир Милчин, примарно е реконструиран како претфаза на ова докторско истражување. Во овој докторски труд се реконструирани, според сите принципи на театролошката наука дванаесет претстави (девет во ова поглавје: „Големата вода“ од Живко Чинго, Нова сцена, Братислава, 1977г.; „Калуѓерички тишини“ од Слободан Шнајдер, НТ Битола, 1987г.; „Спиро Црне“ од Благоја Ристески – Платнар, НТ „Војдан Чернодрински“ – Прилеп, 1989г.; „Свети Сава“ од Синиша Ковачевиќ, НТ Зеница, 1989г.; „Дервишот и смртта“ од Меша Селимовиќ, Албански театар – Скопје, 2003г.; „Црна се чума зададе“, според стихови на Ренџов и текстови на Дефо, Арто, Пушкин и Вилсон, НТ Битола, 2008г.; „Подемот и падот на кабарето“, според текстови на Шницлер и Тома и стихови на Бирнбаум, Демел, Красинска, Лаутенсах, Пилиенкрон, Меринг, Ришпен, Хармс и Хиан, МНТ Скопје, 2013г.; „Нашиот клас“ на Тадеуш Слобоѓанек, ТДМ Скопје, 2014г.; „Пантаглез“ на Мишел Де Гелдерод, Драмски театар Скопје 2019. и три во следното). Деветте реконструирани претстави во ова поглавје се истражени прецизно, адекватно на современите стандарди на театролошката наука и внимателно прикажани, онака како што треба да изгледа актуелно театролошко читање на театарска претстава. Докажувајќи го својот капацитет на одговорен докторанд, кандидатката м-р Леловац на секоја реконструкција ѝ посветува по едно обемно потпоглавје, кое според резултатите од реконструкцијата го насловува. Со самото тоа му дава и дополнителна мотивација на секој понатамошен истражувач на комплексната авторска поетика на Владимир Милчин. Користејќи се со сите достапни извори за претставите, докторантката покажува на кој начин се реконструираат театарските претстави независно дали станува збор за домашни или странски театарски сцени. Првата реконструкција е насловена како „Ѕид за водата“ и дава прецизна и темелна слика на никогаш неодиграната претстава „Големата вода“ според романот на Живко Чинго, што Милчин требало да ја режира во Братислава. Современата театрологија во своите анализи секогаш внесува и претстави кои го коментираат контекстот, независно дали е општествен или политички. Тргнувајќи од значењето на прозата на Чинго, па сè до позицијата на театарот во тогашната политичка ситуација во Братислава, докторантката ги развива сите нишки на претставата која не се одиграла, но секако оставила траги во работата на режисерот. За прв пат во македонската театрологија се елаборира и прашањето за тоа колку претставите што ги создал еден режисер или сакал да ги создаде, продолжуваат низ неговото творештво. „Слободата како пасија“ е насловот на следната реконструкција, но истовремено може да се толкува како наратив на целата поетика на Милчин. Така е насловена реконструкцијата за претставата „Калуѓерички тишини“ на познатиот хрватски драмски автор и писател Слободан Шнајдер, која Милчин ја режира во битолскиот театар во 1987 г. И текстот и претставата во својата основа го имаат сето она што од седумдесеттите години во македонската театарска практика ќе го дефинира политичкиот театар и перспективата на женскоста/другоста во современата уметничка естетика. Реконструкцијата на оваа денес култна претстава е направена фундаментално, посветувајќи на секој аспект од претставата содржина која на иманентниот читател треба да му ја прикаже посебноста и на писмото на Шнајдер и на театарскиот ракопис на Милчин. Докторантката дава

не само реконструкција, туку и современо толкување на театарската семантика, која дотогаш е непозната за македонскиот театар. Од оваа реконструкција, таа ја позиционира и следната етапа на поетиката на Милчин, соработката со автори, актери, сценографи, костимографи и композитори што ќе продолжи и во понатамошната негова практика. Имајќи го предвид ансамблот на театарот, актерите гости, како и посветеноста на режисерот, докторантката м-р Лeловац нуди прецизен увид и во театраликата на современиот македонски театар. Следната претстава е „Спиро Црне“ на познатиот македонски драмски автор и писател Благоја Ристески-Платнар, што ја насловува како „Демитологизација на националниот херој“. „Спиро Црне“ е амблематска претстава, не само за прилепскиот театар, туку и за тогашниот театарски систем, како и за односот на културната јавност кон една театарска престава. Од реконструкцијата на претставата, докторантката покажува и уште еден аспект на театарската практика на Владимир Милчин – ангажманот и потребата да ги „открива“ и детектира современите македонски писатели и драмски автори. Реконструкцијата која ги опфаќа сите аспекти на претставата продолжува во насока на тематска, но и естетска анализа на уметничкиот ансамбл кој перманентно ќе соработува со Милчин во понатамошните негови претстави. Оттука, докторантката ја маркира и тематската линија со која Милчин се занимава со целото негово творештво – односот на поединецот спрема власта/општеството и сите последици на имањето своевиден став. Неговата тезичност како режисер, која ѝ е позната на македонската театрологија, сега е докажана во секоја следна реконструкција. Претставата „Свети Сава“ од Синиша Ковачевиќ, во продукција на НТ Зеница, до денес е една од најважните претстави во регионов, претстава која и симболично и конкретно изврши огромно влијание врз сите автори (посебно кон главниот актер, тогаш најдоминантниот југословенски актер Жарко Лаушевиќ). Како што е и логично, реконструкцијата на претставата м-р Лeловац ја насловува „Случајот ‘Свети Сава’“. Реконструкцијата на претставата се занимава со сите делови на сложувалката поврзана и со режирањето на Милчин надвор од Македонија и со сето влијание на политиката во тој миг. Докторантката м-р Лeловац за оваа реконструкција го интервјуира режисерот, но и еден од лично присутните на инцидентот во ЈДП Белград, познатиот драматург Борка Павиќевиќ. Нивните сведоштва, како и личното сведоштво на Лаушевиќ опишано во неговата книга „Годината минува, денот никако да мине“, се искористени од позицијата на театролошко читање на фактите поврзани не само со естетиката на претставата, туку и на влијанието на претставата надвор и во од театарското гледалиште. Кога станува збор за анализа на режиите на Владимир Милчин, не треба никогаш да се заборава контекстот во кој настануваат неговите претстави, како и нивната политичка импликација. Тоа е и централниот дел на ова поглавје кое орбитира околу реконструкциите на „Свети Сава“, но и во насока на следните реконструкции. Петтата претстава што е анализирана и реконструирана е претставата „Дервишот и смртта“ според романот на Меша Селимовиќ, на сцената на Албанскиот театар во Скопје, 2003 г. Претставата е омаж на истоимената претстава што Милчин ја режира во која главниот лик го игра Иштреф Беголи. Докторантката тоа го наведува во самата реконструкција, поставувајќи ја оската на координирање меѓу актерските поетики на Иштреф Беголи и Рефет Абази, еден од најчестите соработници на Милчин, во носечката улога во скопската претстава. Имајќи ги предвид театролошките амбиции да се направи своевидна реконструкција не само на претставата, туку и на влијанието на таа претстава, скринирајќи го методот што самиот не го именува и не сака да го етаблира и

ограничува како таков, на режисерот Милчин, со оваа реконструкција докторантката му го позиционира местото и во однос на режиите на јазици надвор од македонскиот, како и на културни контексти надвор од домашните. Оваа реконструкција ја продолжува наративната истражувачка линија, врамена во примарните хипотези за политичкото и индивидуалното, во основата на секоја претстава со која се занимава Милчин во своите режии. Наспроти актерските индивидуи во претходните реконструкции, во шестата претстава што ја реконструира, докторантката се занимава со колективната актерска игра и начинот на третирањето на ритуалното во театарскиот контекст на претставата „Црна се чума зададе“, чија реконструкција ја именува како „Поигрување со смртта“. Ритуалното што го загатна во претходната реконструкција, како иманентно на поетиката на Милчин, во оваа реконструкција го елаборира во контекст на актерската игра на битолскиот ансамбл, но и во однос на музичката и аудиовизуелна естетика што ја наметнува како режисер во соработка со неговите постојани уметнички соработници. Во секоја од наведените реконструкции, авторката ги анализира и методите со кои режисерот Милчин создава претстава, правејќи и компарации помеѓу некои од доминантните режисерските имиња на XX век, како што се Арто, Гротовски, Брук и др. Комплетната реконструкција, заедно со поглавјата што следуваат, посветени на вонинституционалните театарски практики и на педагошкиот аспект во неговата работа, м-р Леловац ја нивелира сликата за режисерската поетика на Милчин во корист на откривањето на неговиот метод без метод кој самиот го поставува во корелација со сите креативни соработници на претставата. Седмата реконструкција насловена како „Омаж на уметноста на слободата“, е посветена на претставата „Подемот и падот на кабарето“ во продукција на Македонскиот народен театар. Оваа претстава може да ја издвоиме од досегашните, како своевиден преседан во едно театролошко истражување, затоа што докторантката е член на актерскиот ансамбл на оваа претстава и прави реконструкција и од надвор, но и однатре, докажувајќи дека во своето портфолио адекватно ги владее двете дисциплини. Во оваа реконструкција се препознава и начинот на третирање на материјалот даден за истражување, што докторантката го насочува и кон општествено-политичкиот аспект кој не смее да биде анализиран надвор од творештвото на Милчин. Ангажираниот театар се детерминира и во следната реконструкција, „Црна катарза“, посветена на претставата „Нашиот клас“ што Милчин ја режира за младинската сцена на Театарот за деца и младинци од Скопје, 2014. Оваа и последната реконструкција, симболично поврзана со кругот на неговото творештво „Пантаглез“, претстава со која дипломира во 1970 година, а во 2019 година повторно ја поставува на сцената на истиот Драмски театар – Скопје. На овој начин, докторантката прави синтеза на неговото творештво, но и создава театролошка специфична анализа која е коментар и на општествениот контекст и на начинот на работа на режисерот Милчин.

Во секоја реконструкција, Леловац темелно ги истражува сите аспекти на претставата, најчесто користејќи ги интервјуата, не само со режисерот чие дело е предмет на нејзиното истражување, туку и со сите соработници, од кои театролошки практично ја извлекува секоја потребна информација која и помага да ја заврши сликата за претставата што ја анализира. Секоја реконструкција има единствена методологија – анализа на драмскиот текст, анализа на контекстот, преглед на работата на театарот, анализа на просторот и аудиовизуелната естетика, работата на актерите и главно – режисерската методологија која е повеќе од потребна да биде нивелирана во едно вакво истражување.

Шестото поглавје е насловено: **Анализа на педагошката работа на Владимир Милчин на Факултетот за драмски уметности во Скопје** (247 – 296 стр.). Колку што е важен делот со реконструкциите на претставите, толку е важно и ова поглавје затоа што го пренесува активниот педагошки ракурс на Милчин во контекст на современото театарско образование во Македонија. Докторантката која својата наставна кариера ја почна како соработничка на професорот Милчин, во ова поглавје прави базична анализа и преглед на неговата педагошка активност, користејќи се и со личното искуство, но и со театролошкиот пристап на синтеза на едукативната дејност на Милчин. Поглавјето е поделено на неколку потпоглавја: 6.1. Професорот (во кое го презентира неговото режисерско и педагошко искуство во вонинституционалниот театарски контекст); 6.2. Од конаците и улиците до ФДУ (во кое дава преглед на неговата комплетна педагошка работа, од првите класи на ФДУ до последните на постдипломските и докторските студии на ФДУ); 6.3. „Театар на бегање“ и „Во потрага по Данил Хармс“ (студентски претстави чија реконструкција го покажува педагошкиот систем на Милчин) и „Новите актер(к)и на македонскиот театар“. Ова поглавје го дава одговорот на главната работна хипотеза за театарската и педагошка естетика на Милчин, како и начинот на работа, но и методот што низ годините го има создадено како сопствен.

Во заклучните согледувања, докторантката м-р Леловац прави синтеза на комплетното истражување, како што наведува, ова истражување се фокусира на неговата активна 55-годишна кариера, каде што „базично беа реконструирани неговите вкупно 100 режии во домашните и странските театри и независните и експериментални трупи, беше направена сеопфатна реконструкција на 12 театарски претстави работени со аматери, студенти и професионални ансамбли во земјата и во странство и беше анализирана неговата повеќе од триесетгодишна педагошка пракса на УКИМ – Факултетот за драмски уметности во Скопје.“ (Леловац, 297). Во заклучокот ги наведува: 7.1. Резултатите од истражувањето и 7.2. Научниот придонес. Во резултатите од истражувањето се наведени систематично сите соработници начинот на работа, преглед на сите достигнувања. Научниот придонес ги потврдува претходно поставените работни хипотези.

Осмото поглавје, **Прилози** (308-392), содржи: 8.1. Театрографски податоци за анализираните претстави; 8.2. Фотогалерија; 8.3. Речник; 8.4. Библиографија; 8.5. Индекс на имиња и 8.6. Белешки. Како и секоја сериозна научна студија и оваа е комплетирана со сите потребни прилози што на секој истражувач му помогнале во процесот на истражување, но и на секој понатамошен читател му ги даваат на увид сите потребни податоци поврзани со предметот на истражувањето. Со тоа, докторантката м-р Кристина Леловац докажа дека знае и умее да го користи театрографскиот материјал, да го систематизира, да го евалуира и да го дескрибира и да го имплементира во самото истражување.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражувањето на овој докторски труд е автентичната поетика на театарскиот режисер и професор по актерска игра, Владимир Милчин. Докторантката наведува дека потребата да се истражува и пишува за театарското творештвото на Милчин произлегува од потребата да се архивира, да се анализира и да се синтетизира придонесот на Милчин во и за театарот, кој е повеќеслоен и сеопфатен, какви што се и неговите интереси и приоди во работата.

Дополнителна мотивација, во ова време во кое домашниот театар, кој, главно, без никаква уметничка релевантност, се наоѓа на маргините на општеството, е

да се афирмира една автентична страст и чувство за одговорност кон театарот кој е прво идеал, а потоа можност за егзистенција и една естетика која, неодвоена од етиката, се остварува во театар кој е во средиштето на општествените текови, театар кој е свеченост и потреба! Милчин се смета за основоположник на македонскиот експериментален театар, неговата специфична режисерка естетика е една од клучните основи за детектирање на режисерскиот театар во Македонија, а неговата педагошка работа на Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е клучна за развојот на македонското актерство.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Во македонската театрологија, со творештвото на Милчин досега најпродлабочено се занимавала проф. д-р Ана Стојаноска, која неговите претстави ги истражувала во повеќе наврати, а за неговата работа како режисер во македонскиот театарски контекст пишувале и проф. д-р Јелена Лужина и проф. д-р Иван Додовски. Поконкретно за неговите приоди во работата со студентите пишувала проф. д-р Сузана Киранџиска, долгогодишна соработничка на Милчин на ФДУ – Скопје. Сепак, досега немало театролошка студија која како овој труд сеопфатно го обработува целокупното, екстензивно и разновидно творештво на Владимир Милчин – неговото експериментирање во независните театарски трупи, работата во институционалните театри и педагошката работа.

**Краток опис на применетите методи:**

интердисциплинарни методи, реконструкција на претстави, анализа и синтеза, поврзување со соодветна теорија и синтеза на информациите и сознанијата

**Краток опис на резултатите од истражувањето:**

- дефинирани се поетиката и естетиката на В. Милчин;
- поетиката и естетиката на В. Милчин се елаборирани преку реконструираните претстави;
- елаборирани се специфичните приоди во неговата педагошка работа со студентите на Катедрата за драмски актери на ФДУ – Скопје;
- дефиниран е специфичниот „модел“, кој се остварува како пристап кон актерска игра, што тој го афирмира со својата педагошка работа.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Кристина Леловац, со наслов: „Поетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин“, претставува истражување во театрологијата – театарската режија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација придонесе да се дефинираат поетиката и естетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин. Поради тоа што станува збор за единствена од ваков тип монографска студија, таа ќе може да се употребува и во понатамошните истражувања во неколку области: театрологија, театарска едукација, театарска режија, културолошки студии, уметнички и теориски студии и сл.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Кристина Леловац, со наслов: „Поетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Авторка: „Случајот„Свети Сава“ во ЈДП - влијанието на политичкиот контекст“, објавен: Арс академика, бр. 8, Меѓународно научно списание за изведувачки уметности, бр. 8, година 7, 2020 (назив на списанието, број, датум, импакт-фактор...) на линк http://www.fdu.ukim.edu.mk/pdf/ArsAcademica_008.pdf

[2]. Авторка: „Општествено одговорниот актер на Брехт“, објавен: Арс Академика, бр.2, Меѓународно научно списание за изведувачки уметности, бр. 1, година 1, 2014 (назив на списанието, број, датум, импакт-фактор...) на линк http://www.fdu.ukim.edu.mk/pdf/ArsAcademica_002.pdf

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатката се: дефинирање и детерминирање на поетиката и естетиката на театарскиот режисер Владимир Милчин. Кандидатката создаде обемна, издржана, оригинална и научно оправдана тема, која е обработена според највисоките стандарди на современата театролошка наука.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: театрологија, театарска режија и театарска едукација. Нема ограничувања.

Можните понатамошни истражувања се: развивање на научните хипотези, темелна фреконструкција на другите претстави, препознавање на моделот на режија во работата на помладите генерации театарски режисери, детерминирање на педагошкиот метод и негова апликативност врз следните генерации.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Кристина Лeловац** со наслов: **Поетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јелена Лужина, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ана Стојаноска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Киранџиска, член, с.р.**
**Проф. д-р Сашко Насев, член, с.р.**
**Проф. д-р Игор Вецовски, член, с.р.**

**Издвоени мислења** (доколку има):

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

## Комуникациски и информациски технологии

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Филип Глигоров | Анализа и дизајн на решенија за безбедност во Интернет мрежата | Analysis and Design of Security Solutions in Internet Network | Проф. д-р Тони Јаневски | 02-1133/28 од 22.6.2022 |
| 2 | Реџеп Мустафовски | Примена на компјутери со една плоча за изградба на радарски систем за детекција на објекти на кратки растојанија | Application of computers with one plate for construction of radar system for detection of objects in short distance | Проф. д-р Александар Ристески | 02-1133/29 од 22.6.2022 |

## 2. Мултимедиски технологии

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Наум Трајановски | Систем за анализа и набљудување на сообраќај од стационарна камера во реално време | A real-time trafic analysis and monitoring system using a stationary camera | Вон. проф. д-р Томислав Карталов | 02-1133/30 од 22.6.2022 |

## 3. Автоматика, роботика и системско инженерство

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Стефан Бошковски | Примена на современ SCADA систем во управување и набљудување на водоснабдителна мрежа | Application of modern SCADA system in monitoring and control of water distribution network | Доц. д-р Горјан Нацински | 02-1133/31 од 22.6.2022 |

**4. Обновливи извори на енергија**

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Елена Попоска | Надградба на фотоволтаични централи со батериски систем за складирање на електрична енергија | Upgrading Photovoltaic Power Plants with Battery Storage System | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-1133/32 од 22.6.2022 |

**5. Dedicated Embedded Computer Systems and IoT (на англиски јазик) (DECS-IoT) (Наменски вградливи компјутерски системи и Интернет на нешта (НВКС и ИнН))**

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Теодор Цоневски | Оптимизација на согорувањето со поврзување на уред за оптичко следење на оган, поврзан во комбинирана инфраструктура на облак и крајни пресметувачки уреди | Combustion optimization by connecting an optical monitoring device to a combined cloud and edge computing infrastructure | Проф. д-р Марија Календар | 02-1133/33 од 22.6.2022 |

# П Р Е Г Л Е Д
## на прифатени теми за изработка на докторски труд
## Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
## Факултет за електротехника и информациски технологии

Студиска програма: Електротехника и информациски технологии

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | м-р Ѓорѓи Илиевски | Анализа на мрежен сообраќај кај SDN сервисни низи во централизирана и дистрибуирана NFV архитектура | Network traffic analysis of SDN service chains in centralized and distributed NFV architecture | Проф. д-р Перо Латкоски | 02-1133/14 од 22.6.2022 година |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

## 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ева Алаѓозовска | „Менаџирање со човечки ресурси во функција на обезбедување квалитет на работниот живот на вработени во ИТ-сектор“ | Human resource management in order to ensure the quality of working life of the IT employees | проф. д-р Виолета Арнаудова | 10-1639/3 од 1.7.2022 год. |
| 2. | Бојан Масевски | „Предизвиците за постконфликтното помирување 2001 - 2021 година“ | The challenges for the post-conflict reconciliation between 2001-2021 | проф. д-р Билјана Ванковска | 10-1533/3 од 1.7.2022 год. |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

### ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | М-р Лука Поповски | „Дидактичко-методски модели во физичкото и здравственото образование во првиот воспитно-образовен период“ | Didactic methodological models in physical and health education in the first educational period | Проф. д-р Лена Дамовска | 1.7.2022 10-359/10 |
| 2. | М-р Марија Карадаковска | „Програмската поставеност и реализацијата на наставата по македонски јазик за учениците од другите заедници“ | Curriculum and instructional practices in teaching Macedonian language to students from other ethnic communities | Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ | 1.7.2022 10-324/9 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* | *Одлука од Научен совет* |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Бојан Андоновски | „Ефектите и растот на Банкарскиот сектор во Република Северна Македонија како резултат на влезот на странскиот капитал – студија на случај“<br>„ The effects and growth of the Banking sector in the Republic of North Macedonia as a result of the inflow of foreign capital - Case study “ | д-р Александра Лозаноска | Одлука бр. 02 – 732/2 од 12.07.2022 година |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* | *Одлука од Научен совет* |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Теа Јосимовска | „Очекувања за цените во услужниот сектор – можности и предизвици за менаџерите и претприемачите во Република Северна Македонија “ ,,Price expectations in the service sector – opportunities and challenges for managers and entrepreneurs in the Republic of North Macedonia,, | д-р Зоран Јаневски | Одлука бр. 02 – 688/2 од 12.7.2022 година |
| *2.* | Васко Василевски | „Управување со залихи во рамките на синџирот на снабдување” „Inventory management in the supply chain“ | д-р Марија Таковска | Одлука бр. 02-722/2 од 12.7.2022 година |
| *3.* | Теодора Новеска | „Мултинационални компании во 21 век и влијанието на светската пандемија” „Multinational companies in the 21 st century and the impact of the global pandemic” | д-р Снежана Костадиноска Милошеска | Одлука бр. 02-728/2 од 12.7.2022 година |
| *4.* | Илија Мукаетов | „Нелегалната трговија со тутунски добра во ЕУ и Република | д-р Неда Петроска Ангеловска | Одлука бр. 02 – 733/2 од 12.7.2022 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Северна Македонија” „The illicit trade of tobacco products in EU and Republic of North Macedonia“ | | |
| 5. | Семран Емин | „Примена на Халал стандардите во туризмот и угостителството” „Application of Halal standards in the catering and tourism” | д-р Биљана Ангелова | Одлука бр. 02 – 741/2 од 12.7.2022 година |

# ПРЕГЛЕД

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје**
**Магистерски трудови**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Емилија Ончевска | Положбата на жените во ИТ индустријата – Студија на случај : InPlayer | The Position of Women in the IT Industry – Case Study : InPlayer | проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ | 02-584/2 од 4.7.2022 |